Врз основа на член 24, 25 и 26 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр.63/07 год.), а во согласност со член 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Советот на општина Гевгелија на ден 29.01.2008 година, донесе

# О Д Л У К А
## за основање на Центар за развој на Југоисточен плански регион

### Општи одредби

**Член 1**

Заради вршење на стручни работи од значење на Југоисточен плански регион, се основа Центар за развој на Југоисточен плански регион.

**Член 2**

Центарот за развој на Југоисточен плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

**Член 3**

Седиште на Центарот за развој на Југоисточен плански регион е во Струмица на ул."Сандо Масев" бр.1.

### Делокруг на работа на Центарот

**Член 4**

Центарот за развој на Југоисточен плански регион, ги врши следниве работи:

-Ја изготвува предлог-програмата за развој на планскиот регион;

-Изготвува предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;

-Подготвува предлог-проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;

-Ги доставува предлог-проектите за регионален развој, врз основа на утврдената листа на предлог-проекти од страна на Советот за развој на Југоисточен плански регион, најдоцна до 15 декември во тековната година до Бирото за регионален развој;

-Ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион;

-Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;

-Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;

-Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;

-Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања порзани со регионалниот развој;

-Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;

-Обезбедува стручни услуги за здруженијата на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;

-Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;

-Спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;

-Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;

-Подготвува годишен извештај за своето работење и истиот го доставува до Советот за развој на Југоисточен плански регион и Советите на единиците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;

-Врши стручни и административни работи за потребите на Советот за развој на Југоисточен плански регион;

## Организациска поставеност

### Член 5

Центарот за развој на Југоисточен плански регион (во понатамошниот текст: Центарот) има раководител, кој се избира по пат на јавен конкурс.

Раководителот на Центарот го избира Советот за развој на Југоисточен плански регион, со 2/3 мнозинство.

Мандатот на раководителот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

### Член 6

За раководител на Центарот, може да биде избрано лице, кое ги исполнува следниве услови:

-ги исполнува општите услови за вработување, според Законот за работни односи;

-има минимум 5 (пет) години работно искуство во областа на локалната самоуправа или во државната администрација;

-има завршено VII степен високо образование, од општествените науки (право, економија, политички систем, регионален развој и слично);

-има познавања за рамномерниот регионален развој и системот на локална самоуправа;

### Член 7

Раководителот на Центарот ги има следниве надлежности:

-Го претставува и застапува Центрот;

-Го извршува годишниот буџет на Центарот;

-Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на Центарот;

-Одлучува за вработувањата, правата, должностите и одговорностите на вработените во администрацијата на центарот;

-Донесува правилник за систематизација на работни места во администрацијата на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Југоисточен плански регион.

-Раководи со администрацијата на Центарот;

-Ги предлага на Советот за развој на Југоисточен плански регион, програми, проекти, извештаи и останати документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на Југоисточен плански регион.

-Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот;

-Врши и други работи утврдени со Закон.

**Член 8**

Центарот има администрација, која се организира во сектори или одделенија.

Одлуката за организацијата на администрацијата на Центарот ја донесува Советот за развој на Југоисточен плански регион, на предлог на раководителот на Центарот.

Правата и обврските на вработените во администрацијата на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работните односи и тие немаат својство на државни службеници.

**Финансирање на Центарот**

**Член 9**

Центарот има годишен Буџет, кој се предлага од страна на раководителот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

Предлог Буџетот на Центарот, мора најдоцна да се достави до Советот за развој на Југоисточниот плански регион, најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на Буџетот на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Временото финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

Во случај да во рок од три месеци не се усвои Буџет за финансирање на Центарот за тековната година, се применува Буџетот од претходната година.

**Член 10**

Единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Југоисточниот плански регион, се согласни, да го финансираат тековното работење на Центрот, со што секоја година ќе предвидуваат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

**Член 11**

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Југоисточниот плански регион, се определува на 10 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Југоисточниот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши квартално, за секој квартал однапред.

**Член 12**

Раководителот на Центарот доставува годишен финансиски извештај за работа на Центарот до Советот за развој на Југоисточниот плански регион и до Советите на единиците на локалната самоуправа кои се во состав на планскиот регион.

**Член 13**

На предлог на членовите на Советот или на предлог на раководителот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финансиските средства за тековното работење на Центарот.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 14**

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, ќе се основа во моментот кога сите Совети на единиците на локалната самоуправа од Југоисточниот плански регион ќе ја усвојат оваа Одлука за основање на Центарот.

**Член 15**

Најдоцна во рок од три месеци од усвојувањето на ова Одлука, од страна на сите Совети на единици на локалната самоуправа, треба да се изврши избор на раководител на Центарот од страна на Советот.

**Член 16**

Заради имплементација на член 62 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, Градоначалниците на единиците на локалните самоуправи од Југоисточниот плански регион и министерот за локална самоуправа, во најкраток можен рок ќе потпишат Договор за кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на Југоисточен плански регион.

**Член 17**

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-230/1
29.01.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт (Службен весник на РМ бр.29/03 и 66/04) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 29.01.2008 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2008 година**

Со оваа програма са планираат активностите на општина Гевгелија во областа на спортот и средствата за финансирање на истите за 2008 година.

1. **ЦЕЛИ**

   Основни цели на оваа програма се:

   1. Развој на масовниот спорт;

2. Организирање и поддржување на спортски приредби, натпревари и манифестации од традиционален карактер;
3. Поддржување на општинските спортски клубови;
4. Организирање, одвивање и збогатување на спортско-рекреативниот живот во општина Гевгелија

## 2. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2008 одина.

## 3. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| Р.бр. | Спортски активности | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Турнир во мал фудбал "Б.Делиманов" | |
| 2. | Турнир во мал фудбал ТИХО Миравци | |
| 3. | Турнир во мал фудбал Богородица | |
| 4. | Турнир во мал фудбал Негорци | |
| 5. | Водени лудории 2008-ма | |
| 6. | Турнир "85 години ФК "Кожуф" | |
| 7. | Манифестации по повод 7-ми Ноември | |
| | **ВКУПНО** | **300.000** |
| | **Поддршка на спортски клубови** | |
| 8. | Отворени забавни фудбалски школи | 50.000 |
| 9. | Фудбалски Клуб "Миравци" | 1.100.000 |
| 10. | Женски Ракометен Клуб Гевгелија | 200.000 |
| 11. | Авто Мото Клуб "Ретки птици" | 30.000 |
| 12. | Авто Мото Друштво "Дичо Панов" | 120.000 |
| 13. | Спортско Друштво "ТИХО" Миравци | 60.000 |
| 14. | Фудбалски Клуб "Кожуф" | 1.100.000 |
| 15. | Фудбалски Клуб "Кожуф 1923" | 150.000 |
| 16. | Кик Бокс Клуб "Аждер" | 60.000 |
| 17. | Планинарско Друштво "Кожуф" | 50.000 |
| 18. | Фудбалски Клуб "Победа" Мрзенци | 10.000 |
| 19. | Општински Фудбалски Сојуз | 100.000 |
| 20. | Кошаркарски Клуб "Кожуф" | 500.000 |
| 21. | СД "Ј.Кусиников-ФК Галејб-АБ" | 60.000 |
| 22. | ЗСР "Југ-52" | 10.000 |
| 23. | Ракометен Клуб "Партизан" | 100.000 |
| | **ВКУПНО** | **3.700.000** |
| | **ВКУПНО** | **4.000.000** |

За активностите од областа на спортот кои не се опфатени со оваа програма а ќе се појават во текот на 2008 година, и се од општ интерес за општината, Советот на општината ќе изврши дополнување на истата.

Одржувањето и изградбата на објекти за спорт е предвидено во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2008 година.

## 4. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

Освен со финансиски средства, градоначалникот и Советот на општина Гевгелија, спортските манифестации ќе ги поддржува и помага со :

- покровителство;
- доделување награди, признанија и пригодни подароци.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма, треба да поднесат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува на сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-237/1
29.01.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 4 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на Р.М."бр.45/97), и член 3 од Законот за одржување на јавната чистота , собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад ("Службен весник на РМ" бр.37/98), и член 38 став 1 точка 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2008 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за финансирање на одржувањето на јавната чистота во општина Гевгелија за 2008 година

### 1.Општи одредби

Со оваа програма се утврдуваат активностите за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија, одржување на депоните за депонирање на комуналниот цврст и технолошки отпад, одводните канали и реки во урбаните населби и чистење на јавно прометните површини.

Во општината според податоците од јавните претпријатија и месните заедници, постојат депонии(привремени), во градот Гевгелија, Негорци, Богородица, Мрзенци, Прдејци, Смоквица, Миравци, и во локалитетот Смрдлива вода.

Јавната чистота на јавно прометни површини опфаќа, одржување на улици во градот и населените места и централните подрачја, и слободни јавни површини.

Дел од јавната чистота е и одржувањето на одводни канали.

**I.Активности за одржување на депониите:**

**I.I.**Во градот **Гевгелија** постои:

**-Депонија за комунален цврст и технолошки отпад**

Се наоѓа во коритото на Сува река, односно (зад сеперацијата на "Мансард"), на површина од 5000 м2.

За одржување на депонијата потребни се средства во износ од **300.000,00 денари**

**-Депонија за депонирање на градежниот отпад**

Определен е просторот од излезот на ул."Солунска", по должината на левиот брег на Сува река до капелата.

За одржување на депонијата потребни се средства во износ од **500.000,00 денари**

**-Рециклирање и селектирање на отпадот**

**Вкупно = 650.000,00**

**I.II.Одржувањето на каналите:**

**-"Рауљот":**

Потребни се средтвсва во износ од **240.000,00 денари**

**-одводни канали под железничката пруга**

Потребни се средства во износ од **160.000,00 денари**

**I.III** Во градот покрај контролираните често се појавуваат депонии на неодредени локаци.

За чистење на ваквите депонии потребни се средства во износ од **300.000,00 денари**

---------------------------------------------------------------------------------------------

**Вкупно =2.150.000,00 денари**

**II.I. Во населеното место Негорци**

-За депонијата за депонирање на комуналниот цврст и технолошки отпад определена е локацијата викана "Сарамеша".

**II.II. Во населеното место Богородица:**

-За депонијата за депонирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад е определена депонијата во месноста викано "Литивка" .

**II.III. Во населеното место Мрзенци**:

За депонијата за депонирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад определена е локацијата во месноста викано "Бентот".

**II.IV.Во населеното место Прдејци**

-За депонија за депонирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад определена е локацијата во месноста викано "Над село".

**II.V.Во населеното место Смоквица**

-За депонија за депонирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад определена е локацијата во месноста викано "Господарово гумно ".

**II.VI.Во населеното место Миравци**

-За депонија за депонирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад се врши организирано од страна на јавното претпријатие во Гевгелија и се депонира во одредената депонија во месноста викано "Караиванови курии"

**II.VII.Во населеното место Давидово**

-За депонија за депонирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад се врши организирано од страна на јавното претпријатие во Гевгелија и се депонира во одредената депонија во месноста викано "Плаварски пат"

**II.VIII.Во туристичкиот локалитет Смрдлива вода**

-Депонирањето на комуналниот цврст и технолошки отпад се врши од страна на јавното претпријатие.

**II.IX.Депонии и во други населени места**

-За одржување на депониите во населените места во општина Гевгелија потребни се средства во износ од **1.150.000.000,00 денари.**

**III.Одржувањето на јавната чистота**

Одржување на јавната чистота на јавно прометните површини опфаќа:

-чистење на улици во градот во населените места, и слободни јавни п



средства во износ од **300.000.000,00 денари.**

**Средства за финансирање на јавната чистота за 2008 година :**

---------------------------------------------------------------------------------------

**Вкупно = 3.600.000,00 денари**

Ова Програма влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-236/1 Претседател
29.01.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 38 став 1 точка 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2008 година, донесе

## ПРОГРАМА
## За финансирање на културно-уметнички манифестации и творештво

### I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија за задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Гевгелија;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на општина Гевгелија;
- Презентирање и афирмирање на творци од областа на културата.

### II. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година, Програма К 4 - Културни манифестации и творештво.

### III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| Ред.број | Назив на субјектот | Проект/Програма | Предвидени средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Ансамбл Бојмија | Програма за 2008 | 100.000 |
| 2. | КУД Негорци | Програма за 2008 | 100.000 |
| 3. | ФА Гевгелија | Програма за 2008 | 100.000 |
| 4. | КУД Браќа Толеви, Прдејци | Програма за 2008 | 100.000 |
| 5. | КУД Танец, [illegible] | [illegible] | [illegible] |
| [illegible] | [illegible] Гевгеличани | Програма за 2008 | 75.000 |
| 7. | Делфин | Гитаријада 2008 | 300.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Калинка | ИДМФ Калинка 2008 | 300.000 |
| 9. | Калинка | Црквите и манастирите во Гевгелија и гевгелиско | 50.000 |
| 10. | Калинка | Вечери на серенади и староградска музика | 50.000 |
| 11. | ТЕ-РА | G-fest | 50.000 |
| 12. | ТЕ-РА | Смоквијада 2008 | 200.000 |
| 13. | Ритам Плус | Програма за работа 2008 | 25.000 |
| 14. | Гординија | Градски мешан хор Гевгелија | 60.000 |
| 15. | Гординија | Креативна керамичка работилница | 50.000 |
| 16. | Внимание | Слушнете го компетицискиот музички маратон | 35.000 |
| 17. | Мултимедиа-Центар | Едукација на ликовни таленти | 60.000 |
| 18. | Илија Карајанов/Менора | Монографија "Светописот на Анте Поповски" | 20.000 |
| 19. | Јужна градина | Поетска средба "Сонот на душата" | 50.000 |
| 20. | Јужна градина | Театарска претстава за деца и младинци | 50.000 |
| 21. | Одбележување на општински празник 7-ми Ноември | -изложби<br>-концерти<br>-театарски претстави<br>-наградни конкурси | 125.000 |
| **Вкупно:** | | | **2.000.000** |

За активностите од областа на културата кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2008 година и се од општ интерес за општината, Советот на општина Гевгелија ќе изврши дополнување на истата.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма, треба да поднесат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува на сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Гевгелија, а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-238/1 Претседател
29.01.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 32 став 3 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Ге[illegible]
29.[illegible]



**Р Е Ш Е Н И Е**

**За усвојување на Извештајот за работењето и активностите на Јавната општинска установа Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2007 година**

1.Се усвојува Извештајот за работењето и активностите на Јавната општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2007 година усвоен од Управниот одбор на библиотеката со одлука бр.0202-140 од 17.12.2007 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-242/1 — Претседател
29.01.2008 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 32 став 3 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Програмата за работа на Јавната општинска установа Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2008 година**

1.Се усвојува Програмата за работата на Јавната општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2008 година усвоена од Управниот одбор на библиотеката со одлука бр.0202-141 од 17.12.2007 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-243/1 — Претседател
29.01.2008 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 32 став 3 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За усвојување на Извештајот за реализираните активности за периодот од Март 2007 до Декември 2007 година на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија"Гевгелија за 2007 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализираните активности за периодот од Март 2007 година до Декември 2007 година на Јавната општинска установа Дом на Култура"Македонија" Гевгелија за 2007 година, усвоен од Управниот одбор на Домот на културата со одлука бр.0302-4/1 од 8.01.2008 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-244/1 Претседател
29.01.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 32 став 3 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Програмата за работа на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија"Гевгелија за 2008 година**

1.Се усвојува Програмата за работата на Јавната општинска установа Дом на култура"Македонија" Гевгелија за 2008 година усвоена од Управниот одбор на библиотеката со одлука бр.0302-4/1 од 8.01.2008 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-245/1 Претседател
29.01.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски*

Врз основа на член 53 став 2 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за образование, култура и спорт на Советот на општина Гевгелија**

1.Во Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за образование, култура и спорт на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.14/05 год.) во точка 1 ставот 2 се разрешува од член на Комисијата Венчо Атанасов, член на Советот на општина Гевгелија, по негово барање.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-246/1
29.01.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општна Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2008 година, по расправата по Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место за м.в."Ада" КО Мрзенци општина Гевгелија за туристички комплекс, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место за м.в."Ада" КО Мрзенци општина Гевгелија за туристички комплекс со текстуалниот дел и графичките прилози на планот.

2.По Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место се организира јавна презентација и јавна анкета.

Јавната презентација и јавната анкета ќе ја организира Градоначалникот на општината.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-240/1
29.01.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општна Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2008 година, по расправата по Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место Смоквица за м.в."Туфка" општина Гевгелија за угостителско-туристички комплекс, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место Смоквица за м.в."Туфка" општина Гевгелија за угостителско-туристички комплекс со текстуалниот дел и графичките прилози на планот.

2.По Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место се организира јавна презентација и јавна анкета.

Јавната презентација и јавната анкета ќе ја организира Градоначалникот на општината.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-241/1 Претседател
29.01.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ" бр.13/06 год.) и член 123 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општитна Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2008 година, по расправата по Годишниот извештај за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за периодот од 1.01.2007 до 31.12.2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Не се усвојува Годишниот извештај за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за периодот од 1.01.2007 до 31.12.2007 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-235/1 Претседател
29.01.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општитна Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2008 година, по расправата по Предлог-Програмата за туристички развој, општа туристичка пропаганда и подобрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија за 2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Не се усвојува Програмата за туристички развој, општа туристичка пропаганда и подобрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија за 2008 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-238/2
29.01.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлудка за основање на Центар за развој на Југоисточен плански регион ........................................................................................................................ 1
2.Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2008 година ........................................................................................ 4
3.Програма за финансирање на одржувањето на јавната чистота во општина Гевгелија за 2008 година ........................................................................ 6
4.Програма за финансирање на културно-уметнички манифестации и творештво за 2008 година ............................................................................................ 8
5.Решение за усвојување на Извештај за работењето и активности на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2007 година ............................................... 9
6.Решение за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2007 година ........................................................................ 10
7.Решение за усвојување на Извештај за реализираните активности за периодот од Март 2007 до Декември 2007 на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2007 година ............................................................................................ 10
8.Решение за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2008 година ..................................................................... 11
9.Одлука за измена на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за образование, култура и спорт на Советот на општина Гевгелија ........................................................................................................................ 11
10.Заклучок по Нацрт-Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место за м.в."АДА" општина Гевгелија за туристички комплекс ......... 12
11.Заклучок по Нацрт-Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место за м.в."Туфка" општина Гевгелија за туристички комплекс ...... 12
12.Заклучок по Годишниот извештај за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за периодот од 1.01.2007 до 31.12.2007 година ........................................................................................................ 13
13.Заклучок по Програмата за туристички развој, општа туристичка пропаганда и подобрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија за 2008 година ........................................................................................ 13

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**О Д Л У К А**
**за организирање јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место Смоквица во м.в."Туфка" општина Гевгелија за угостителско туристички комплекс**

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место Смоквица во м.в."Туфка" општина Гевгелија за угостителско туристички комплекс.

**Член 2**

Јавната презентација и јавната анкета ќе се спроведе со излагање на Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место во просториите на Месната заедница Смоквица и во ТП "Тедико" во Гевгелија.

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во малата сала во Пионерскиот дом во Гевгелија на ден 6.02.2008 година со почеток во 14 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со палнот ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови се доставуваат во архивата на Одделение за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина Гевгелија.

Анкетни листови може да се подигнат во Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Нацрт-Урбанистичкиот план и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-271/1
31.01.2008 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делевс.р.***

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**О Д Л У К А**
**за организирање јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место Мрзенци во м.в."Ада" општина Гевгелија за туристички комплекс**

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место Мрзенци во м.в."Ада" општина Гевгелија за туристички комплекс.

**Член 2**

Јавната презентација и јавната анкета ќе се спроведе со излагање на Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место во просториите на Месната заедница Мрзенци и во ТП "Тедико" во Гевгелија.

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во малата сала во Пионерскиот дом во Гевгелија на ден 6.02.2008 година со почеток во 12 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со палнот ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови се доставуваат во архивата на ата на Одделение за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

Анкетни листови може да се подигнат во Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Нацрт-Урбанистичкиот план и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-272/1
31.01.2008 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делевс.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за организирање јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место Смоквица во м.в."Туфка" општина Гевгелија за угостителско туристички комплекс ..................................................... 15

2.Одлука за организирање јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Урбанистичкиот план вон населено место Мрзенци во м.в."Ада" општина Гевгелија за туристички комплекс ...................................................................... 15

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи**
**улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843**

Врз основа на член 27 став 1 од Законот за семејството ("Службен весник на РМ" бр.80/92, 9/96 и 38/04 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Одлуката за определување членови на Советот за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија**

**Член 1**

Во Одлуката за определување членови на Советот за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.5/05 год.) по членот 2 се додава нов член 2а кој гласи:

"**Член 2а**

Членовите на Советот за учество при склучување на брак имат право на надоместок во износ од 800,00 денари независно од бројот на склучените бракови во еден ден.

Право на надоместок за учество при склучување на брак во деновите на државните празници и неделите имаат и матичарите во износ од 400 денари."

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-552/1
28.02.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување награда за најдобро хортикултурно и партерно уредена дворна површина во населените места во општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува доделување на награда за најдобро хортикултурно и партерно уредена дворна површина во населените места во општина Гевгелија, се уредува начинот на доделување на наградата и висината на наградата.

**Член 2**

Наградата ќе се доделува на физички и правни лица.

Наградата се доделува секоја година.

**Член 3**

Наградата се доделува за поттикнување на граѓаните, станарите во станбените згради - куќните совети и правните лица со цел за заштита на

животната средина своите дворни површини и просторот околу нив да ги уредуваат и одржуваат чисто.

**Член 4**

За доделување на наградата ќе се формира Комисија од пет члена кои ќе се именуваат од редот на истакнати лица од областа на заштитата на животната средина.

Членовите на Комисијата ќе ги именува Градоначалникот на општината.

Членовите на Комисијата се именуваат за период од 4 години.

**Член 5**

За доделување на наградата Комисијата од претходниот член ќе распише јавен оглас во локалните средства за информирање.

Конкурсот се распишува во првата половина на месец јуни.

Критериумите за доделување на наградата ќе ги утврди Комисијата.

По добивањето на апликациите за пријава на огласот Комисијата ќе врши увид на пријавените.

**Член 6**

Нарадтата ќе се доделува:

-на правни лица во вид на пофалница

-на физички лица покрај пофалница и парична награда

Паричната награда ќе изнесува 15.000,00, 10.000,00 и 5.000,00 денари.

Ќе се доделуваат по три награди.

Средствата за наградата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија.

**Член 7**

Наградата ќе се врачува на Општинскиот празник 7-ми Ноември.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-559/1
28.02.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 26, 39 и 85-а од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр.61/04 и 92/07 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## за бришење од даночна евиденција на Општинската администрација Гевгелија на даночни обврзници на недвижен имот во други општини

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува бришење од даночната евиденција на Општинската администрација на општина Гевгелија на даночните обврзници чиј недвижен имот се наоѓа на подрачјето на општините Богданци и Дојран.

**Член 2**

Обврските на даночните обврзници од член 1 на оваа Одлука да се бришат од книговодствената евиденција на општина Гевгелија.

**Член 3**

Бришењето на даночните обврзници од даночната евиденција на Општинската администрација Гевгелија ќе го изврши Одделението за локални даноци и такси.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-557/1 Претседател
28.02.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 26, 39 и 85-а од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр.61/04 и 92/07 год.) и член 16 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ" бр.61/04 и 92/07 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
**за бришење од даночна евиденција на Општинската администрација Гевгелија на обврзници на комунална такса за фирма односно назив со седиште во други општини**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува бришење од даночната евиденција на Општинската администрација Гевгелија на правни субјекти - обврзници на комунална такса за фирма, односно назив со седиште на подрачјето на општините Богданци и Дојран.

**Член 2**

Обврските на обврзниците од член 1 на оваа Одлука да се бришат од книговодствената евиденција на општина Гевгелија.

**Член 3**

Бришењето на обврзниците од даночната евиденција на Општинската администрација Гевгелија ќе го изврши Одделението за локални даноци и такси.

Нема да се бришат од евиденцијата на општината деловните единици на правните лица од споменатите општини, кои се наоѓат на подрачјето на општина Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-558/1 Претседател
28.02.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 37 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.66/04 и 82/05 год.) и член 32 став 5 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" бр.32/05 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Статутот за измена и дополнување на Статутот на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија**

1.Се дава согласност на Статутот за измена и дополнување на Статутот на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија донесен од Управниот одбор на установата со Одлука бр.0302-18/3 од 28.01.2008 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-560/1 Претседател
28.02.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.02.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање Комисија за изработка на Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.За изработка на Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2007 година се формира комисија од 3 члена.

2.Во Комисијата се избираат:
-Александар Тодов, член на Советот на општината
-Венчо Атанасов, член на Советот на општината
-Ѓорѓе Дучков, член на Советот на општината

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-551/1 Претседател
28.02.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.02.2008 година, по расправата по Годишната програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2008 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2008 година, усвоена од Управниот одбор на Пионерскиот дом со Одлука бр.07-05/1 од 5.01.2008 год.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-555/1 Претседател
28.02.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.02.2008 година, по расправата по Нацрт-Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување режимот на сообраќајот на одредени улици во градот Гевгелија, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Одлуктаа за измена и дополнување на Одлуката за утврдување режимот на сообраќајот на одредени улици во градот Гевгелија со амандманите и забелешките ставени на седницата на Советот на општината.

2.По Нацрт-Одлуката ќе се спроведе јавна расправа.

По завршување на јавната расправа предлагачот да изготви Предлог-Одлука и да ја достави до Советот на општината.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-553/1 Претседател
28.02.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија("Службен весник на РМ" бр.38/96,6/02,40/03,49/06 и 22/07 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.02.2008 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се дава согласност на Програмата за работните активности на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци"-Миравци за 2008 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Заклучок бр.072-1 од 11.01.2008 год.

2.Ово решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-556/1 Претседател
28.02.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 37 од Законот за култура-пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.66/04), член 44 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" бр.32/05) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.02.2008 година, по расправата по Извештајот за работата на ЈОУ

Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија (Септември 2006 год.-Септември 2007 год.), го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија (Септември 2006 год.-Септември 2007 год.).

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-554/1<br>28.02.2008 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>*Панде Кацарски с.р.*

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 29, 30 и 37 од Законот за култура-пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.66/03 и Измени на Законот "Службен весник на РМ" бр.82/05 и бр.24/07) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за избор на директор на Јавна Општинска Установа Работнички Универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија**

1.За директор на Јавна Општинска Установа Работнички Универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија, се избира лицето:

-Атанас Крстев, со завршен Факултет за ликовни уметности-дипломиран ликовен педагог по графика, вработен во ЈОУ Работнички Универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија.

2.Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ЈОУ Работнички Универзитет "Кирил и Методија", Законот за култура и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-339/4<br>27.02.2008 год.<br>Гевгелија

Градоначалник<br>на општина Гевгелија,<br>*Драги Делев с.р.*

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определување членови на Советот за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија ........................................ 17

2.Одлука за доделување награда за најдобро хортикултурно и партерно уредена дворна површина во населените места во општина Гевгелија .................. 17

3.Одлука за бришење од даночната евиденција на Општинската администрација на општина Гевгелија на даночни обврзници на недвижен имот во други општини ........................................................................................................ 18

4.Одлука за бришење од даночната евиденција на Општинската администрација на општина Гевгелија на обврзници на комунална такса за фирма односно назив со седиште во други општини ........................................................ 19

5.Решение за давање согласност на Статут за измена и дополнување на Статутот на ЈОУ Дом на култура "Македонија"Гевгелија ..................................... 20

6.Решение за формирање комисија за изработка на Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2007 година ........................................................................................................................ 20

7.Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2008 година ................................................... 20

8.Заклучок по Нацрт-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување режимот на сообраќајот на одредени улици во градот Гевгелија ..... 21

9.Решение за давање согласност на Програма за работни активности на ЈП за водовод и комуналии"Миравци"Миравци за 2008 година .................................. 21

10.Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија (Септенври 2006 год.-Септември 2007 год.) .... 22

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за избор на директор на ЈОУ РУ "Кирил и Методија" Гевгелија ......................................................................................................................................... 22

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Во членот 14 по зборот "служби"во третиот и четвртиот ред се додаваат зборовите "и на физички лица".

**Член 7**

Во членот 15 зборовите "надлежниот орган на управата на општината за работите во областа на урбанизмот" се заменуваат со зборовите "Одделнието за комунални работи и локални патишта".

**Член 8**

Во членот 17 став 1 зборовите "надлежниот орган на управата на општината за работите во областа на урбанизмот" се заменуваат со зборовите "Одделнието за комунални работи и локални патишта".

**Член 9**

Во членот 19 ставот 2 се менува и гласи: "Одржувањето на јавниот простор за паркирање се врши од средства на Буџетот на општината како и од други средства (средства од цената на услугите)".

**Член 10**

Во членот 20 зборовите "надлежниот орган на управата" се заменува со зборовите "Одделението за урбанизам,градежништво и заштита на животната средина" и зборовите "надлежните државни органи за работите од областа на сообраќајот и урбанизмот" се заменуваат со зборовите "Државниот орган надлежен за работите од областа на сообраќајот".

**Член 11**

Во членот 21 зборот "општина" се заменува со зборовите "Советот на општината".

**Член 12**

Членот 23 се менува и гласи: "За користење на јавниот простор за паркирање може да се наплатува надоместок кој го утврдува Советот на општината или лицето кое врши дејност со дозвола во согласност со Советот на општината".

**Член 13**

Во членот 26 став 2 зборовите "врз основа на програма" се брише.

**Член 14**

Ставот 2 на членот 30 се менува и гласи: "Одржувањето на објектите од став 1 на овој член се "врши од средства на Буџетот на општината и други средства".

**Член 15**

Во членот 33 зборовите "Главниот архитект на општината" се заменуваат со зборовите "Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина".

**Член 16**

Во членот 35 став 1 по зборот "патеки" се става запирка и додаваат зборовите "улиците и центрите во населените места"

Во истиот член ставовите 2 и 3 се бришат.

**Член 17**

Во членот 37 став 2 зборовите "решение донесено" се заменуваат со зборовите "заклучок донесен од овластениот".

Во истиот член ставот 3 се менува и гласи: "На донесувањето на заклучокот мора да му претходи правосилно решение со кое се наредува на сопственикот во рок од 15 дена да го отстрани возилото".

**Член 18**

Во членот 38 после зборот "возилото" во ставот 1 и после зборот "на" во ставот 2 се додава зборот "овластениот".

**Член 19**

Во членот 39 зборовите "давателот на услуга" се заменуваат со зборовите "јавното претпријатие или друго физичко и правно лице кое врши дејност со дозвола".

**Член 20**

Членот 40 се менува и гласи: "Доколку сопственикот не се јави во рок од 30 дена возилото се оттуѓува на начин пропишан со закон".

**Член 21**

Во членот 41 зборовите "давателот на услугата" се заменуваат со зборовите "јавното претпријатие или друго физичко и правно лице овластено со дозвола за вршење на дејноста", а останатите зборови до крајот на реченицата се бришат.

**Член 22**

Во членот 42 ставот 2 се менува и гласи: "Финансирањето на дејноста од став 1 на овој член се врши од средства на Буџетот на општината и други средства".

**Член 23**

Во членот 45 зборовите "давателот на услугата"се заменува со зборовите "субјектите од член 43".

**Член 24**

Во членот 47 ставот 2 се менува и гласи: "Средствата за украсување на јавните површини и простории се врши од Буџетот на општината и други средства".

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи: "Претпријатијата, јавните установи и служби и други субјекти украсувањето на своите објекти и површини го вршат од сопствени средства".

**Член 25**

Во членот 49 ставот 2 се брише.

**Член 26**

Во членот 51 зборовите "давателот на услугата по претходна согласност на" се заменуваат со зборовите "јавното претпријатие или друго физичко и правно лице овластено со дозвола за вршење на дејноста во согласност со".

**Член 27**

Во членот 54 после заградата се додаваат зборовите "за вршење на таква дејност".

**Член 28**

Во членот 56 зборовите "давателот на услугата" се заменуваат со зборовите "лицето кое врши аерозапрашување".

**Член 29**

Во членот 60-е во ставот 2 по зборот "со дозвола" се брише и се додаваат зборовите "кој врши дејност со дозвола на трошок на сопственикот на стоката".

**Член 30**

Во членот 60-и по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи: "Причинетата штета на јавната и сообраќајна површина ја надоместува сопственикот на огревното дрво и јаглен".

**Член 31**

Во членот 60-н по зборот "лицето" се додаваат зборовите "и изведувачот на градежни работи".

**Член 32**

Во членот 61 ставот 2 се менува и гласи: "Програмите од став 1 на овој член ги донесува Советот на општината, односно субјектот кој со дозвола врши дејност"

**Член 33**

Членот 64 се менува и гласи: "Надзор над примената на оваа одлука врши Одделението за комунални работи и локални патишта".

**Член 34**

Членот 65 се менува и гласи: "Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа одлука вршат овластените општински комунални инспектори".

**Член 35**

Членот 66 се менува и гласи "По жалбите поднесени против решенијата на овластените општински комунални инспектори решава Државниот орган за вршење на работите од областа на комуналните дејности".

**Член 36**

Во текстот на Одлуката зборовите "Одделението за управани и комунални работи на општината" се заменува со зборовите "Одделнието за комунални работи и локални патишта".

**Член 37**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1883/1
29.08.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт (Службен весник на РМ бр.29/03,66/04 и 81/08 год.) и член 38 став 1 алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 29.08.2008 година, донесе

## ПРОГРАМА
### за измена и дополнување на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2008 година

1.Во Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2008 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.1/08 и 12/08 год.) во поднасловот под реден бр.3 "Распоредување на финансиски средства" во табелата, во колоната под реден бр.9 "Фудбалски клуб Миравци" износот "1.100.000" се заменува со износот "1.200.000" и во колоната под реден број 14 "Фудбалски клуб "Кожув" износот "1.100.000" се заменува со износот "1.600.000".

Во колоните "Вкупно" износот "4.300.000" се заменува со износот "4.900.000" и износот "4.600.000" се заменува со износот "5.200.000".

2.Оваа Програма влегува на сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.07-1880/1
29.08.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 13 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2008 година, донесе

## ПРОГРАМА
### За измена и дополнување на Програмата за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2008 година

**Член 1**

Во Програмата за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2008 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.21/2007), во глава ИВ."Финансирање на јавното осветлување", во ставот, алинеа 1, износот "7.200.000,00 денари" се заменува со износот "7.700.000,00 денари".

Во алинеа 2, износот "2.000.000,00 денари" се заменува со износот "3.000.000,00 денари".

Во ставот 2, "Вкупно средства за реализација" износот "9.300.000,00 денари" се заменува со износот "10.800.000,00 денари".

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1879/1 Претседател
29.08.2008 год. на Советот на општина Гевгелија
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М. бр. 51/05 и 137/07 год.") и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2008 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
### за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2008 година

1. Во Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2008 година ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.21/07 год.) во поднасловот "Општи одредби" во точка 1 во ставот 5 износот "4.000.000,00" се заменува со износот "2.000.000,00"

2.Оваа Годишна програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 07-1878/1 Претседател
29.08.2008 год. на Совет на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05,137/07 год.) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08. 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
### за донесување на Урбанистички план вон населено место Мрзенци за м.в."АДА" општина Гевгелија за туристички комплекс

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички план вон населено место Мрзенци за м.в."АДА" општина Гевгелија за туристички комплекс.

**Член 2**

Урбанистичкиот план од член 1 на оваа Одлука опфаќа простор во површина од 23.15 ха.

Границата на опфатот е: од јужната страна делумно Автопатот Е-75, Регионалниот пат Гевгелија-Богданци, канал за вода; од источната страна коритото нареката Вардар; од северната страна катастарските парцели 1026,1027,1028,1022,1020,1033 и 1112 и од западната страна катастарските прцели 1112 и 1113.

**Член 3**

Просторот опфатен со урбанистичкиот план според намената е поделен на:

**Б-комерцијални и деловни намени**

Б5 - големи хотелски комплекси

**Д-зеленило и рекреација**

Д1 - парковско зеленило

Д2 - заштитно зеленило

Д3 -спорт и рекреација

Сообраќајни површини

**Член 4**

Урбанистичкиот план вон населено место Мрзенци за м.в."АДА" општина Гевгелија се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука покрај документите од член 4 се и стручната ревизија,одговорот на стручната ревизија од надлежна институција, стручното мислење, извештајот од јавната анкета и согласноста од надлежното министерство.

**Член 6**

Урбанистичкиот план вон населено место - текстуалниот и графичкиот дел од планот не се објавува, а се наоѓа во Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина. Примерок од урбанистичкиот план вон населено место се доставува и до надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 7**

Урбанистичкиот план вон населено место се заверува со печат и потпис на носителот на планот.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-1876/1
29.08.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04 и 86/08 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08. 2008 година, донесе

# П Р О Ц Е Н А
## на загрозеност на подрачјето на Општина Гевгелија од природни непогоди и други несреќи

## ВОВЕД:

Цел на процената на загрозеност на подрачјето кое го опфаќа Општина Гевгелија е квалитативна и квантитативна анализа на податоците за можните опасности за настанување на природни непогоди и други несреќи, предвидување на можниот натамошен тек и последиците кои можат да бидат предизвикани од истите, со предлог превентивни и други мерки за заштита и спасување.

Следејќи ги природните непогоди и други несреќи од поголем обем што го зафатиле подрачјето на општината во изминатиот период, се констатира дека истите биле, главно, последица на дејствување на природни сили.

Имајќи ја во предвид оваа констатација се наметнува потребата од сеопфатно и комплексно согледување на состојбите и проблемите во областа на операционализацијата на заштитата на населението и материјалните добра од природните непогоди и другите поголеми несреќи. И тоа, пред се, на планот на превентивните мерки за заштита и спасување, како и на степенот на подготвеноста на просторните сили за заштита и спасување и други субјекти чија основна дејност е во функција на заштитата и спасувањето, односно отстранување на последиците предизвикани од природните непогоди и другите поголеми несреќи.

Со Законот за заштита и спасување, утврдени се мерките за заштита и спасување, при што се дефинирани местото, улогата и задачите на сите субјекти во извршување на функционалните мерки и активности за заштита и спасување на населението и материјалните добра. Со нивно доследно планирање, подготвување и спроведување во голема мера би се намалиле опасностите од појава на природни и други несреќи, односно последици предизвикани од истите.

## 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ

1.1. Географска положба
1.2. Рељефна структура
1.3. Климатски карактеристики
1.4. Хидрографија
1.5. Население и населби

## 2. ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

2.1. Загрозеност од земјотреси
2.2. Загрозеност од поплави и уривање на високи брани
2.3. Загрозеност од снежни намети, лавини и луњи
2.4. Загрозеност од високи атмосферски температури
2.5. Загрозеност од пожари и експлозии
2.6. Загрозеност од неексплодирсни убојни средства
2.7. Загрозеност од епидемии на заразни болести
2.8. Загрозеност на животните и производите од животинско потекло
2.9. Загрозеност на растенијата и производите од растително потекло
2.10. Загрозеност од инциденти со опасни материи
2.11. Загрозеност од поголеми сообраќајни несреќи

2.12. Загрозеност од други вонредни состојби
2.13. Загрозеност од техничко - технолошки несреќи и заштита на животната средина
2.14. Загрозеност на животната средина

## 1. Општи карактеристики

### 1.1. Географска положба

Општина Гевгелија се наоѓа во најјужниот дел на Р. Македонија, на самата граница со Р. Грција, по правец на Вардарската долина, на 41степен 8минути и 41степен 25минута северна географска ширина и 22степен 25минути и 22степена 35минути источна географска должина, на надморка висина од 64м и на простор од 485км$^2$.

Низ подрачјето на Општина Гевгелија минува примарната оска на развојот, која се протега по Вардарска долина, во правец север - југ и е дел од коридор 10, кој ја поврзува Европа со Мала Азија. Должината на овој пат изнесува 30км, од кои 10км се нов модерен автопат, а останатите 20км треба да се модернизираат. Во општината постојат и регионални патишта, и тоа: Р-111 ја поврзува Гевгелија со Богданци и со Дојран, С.Дојран до граничниот премин со Р.Грција, Р-604 за Валандово и Р-112 од Гевгелија преку Ново Конско до Смрдлива вода и Ски центарот вКожуфг.

Од северо-исток општината се граничи со Општина Богданци и Општина Валандово, од северо-запад со Општина Демир Капија и Општина Кавадарци, а од југ со државната граница со Р.Грција.

Од десната страна на р.Вардар се протега железничката линија Скопје - Гевгелија - Солун, а паралелно со р.Вардар и автопатот Е-75, Скопје - Гевгелија - Р.Грција.

Во општината има изградено густа локална патна мрежа која ќе биде од големо значење при извршувањето на мерките за заштита и спасување. Вкупната должина на локалните патишта во општината изнесува 91,68 км, од кои 27,13км се асфалтирани, 28,25км се тампонирани и 36,3км се пробиени.

### 1.2. Рељефна структура

Природната целина на Гевгелиската котлина се протега од северната и јужната страна на македонско - грчката граница. Рељефот е издробен на бројни ридови, чуки и тумби меѓу кои се широките и плитки долини кои гравитираат на југ.

Најниска кота е 45м.н.в. на р.Вардар, кај Државната граница а највисока е 88м.н.в. Релативната височина помеѓу овие точки изнесува 43м на исправена должина од 26км.

Градот Гевгелија лежи во рамниот дел на котлината, чии природни граници се од исток, р.Вардар, од југ Сува река, према запад нема природна граница, рамнината продолжува кон с.Моин, према север Караорман и Мрзенски рид меѓу кои низ куса долина поминува регионалниот пат за Негорци.

Просечна надморска височина на која лежи градот изнесува помеѓу 53 и 60м.н.в.

Во топографски смисол поголем дел од општината е ридско-планинско земјиште а помал рамничарски.

1.3. Климатски карактеристики

Широката отвореност на Вардарската долина, а со неа и на Општина Гевгелија кон Солунската котлина преку долината на р.Вардар, условува силно влијание на медитеранска клима во овој регион. Ова влијание посебно е изразено во котлинскиот дел до 300м.н.в., а помалку изменето е во ридското подрачје до 600м.н.в. Планинската клима преовладува само во највисоките делови на Кожуф планина.

Вкупен број на сончеви часови во годината изнесува 2392 часа, што може да се спореди со неколку места покрај Јадранското Море и во Медитеранот воопшто. Просечната годишна температура во Гевгелија изнесува 14.3 степени Целзиусови.

Најстуден месец во годината е јануари со просечна температура од 3,2С, а најтопол е јули со просечна температура од 25,7С.

Просечна годишна сума на врнежи изнесува 745,2мм$^3$. Распоредот на врнежите не е рамномерен, најмногу ги има во есен, а најмалку во лето.

Просечниот број денови со снежни врнежи изнесува 8,3 денови.

Просечната влажност на воздухот изнесува 71-72%, во зима 81-82%, а во лето се спушта до 56%. Маглите во просторот на општината се ретка појава. Просечниот број денови со магла изнесува 16,4. Маглите се јавуваат во есенските и зимските месеци, а најизразени се во декември со 3,3 денови.

Во општината најзастапени се ветровите вардарец и југ.

1.4. Хидрографија

Подрачјето на општина Гевгелија се простира на дел од сливот на долниот тек на р.Вардар која претставува најзначаен водотек кој ги дренира површинските и подземните води. Поголеми водотеци кои се вливаат во р.Вардар се: Конска, Серменинска, Кованска, Зуица и Петрушка Река. Притоките на Вардар се релативно маловодни поради што некои од нив преку летото пресушувааат.

Подрачјето на општината покажува оскудност на изворски и подземни води. Просечната издашност на изворите се движи од 1 до 3 л/сек., а извори со поголема издашност не се забележани.

Во хидрографска структура влегуваат и акумулациите во Богородица, Топлец, Дос, Калица.

Општината располага со богати извори на минерална и термоминерална вода. Еден од нај познатите извори на минерална вода се наоѓа во туристичкиот локалитет Смрдлива вода, додека кај Негорските бањи и во близина на Смоквица се наоѓаат богати извори на термоминерална вода.

1.5. Население и населби

Според последниот попис вкупниот број на жители во општина Гевгелија изнесува 22.998 жители од кои 15.682 жители живеат во градот а останатите 7.306 во населените места, што на површина од 485км$^2$, дава густина од 47жители на км$^2$ , а тоа е значително помалку од густината на населеност во Р.Македонија.

- **Демографски карактеристики според:**

- Структура на населението по пол и возраст;
- Структура на населението според националната припадност;

- Бројот на домакинства;
- Работоспособен и активен контингент на население.

### 1.5.1. Структура на населението по пол и возраст

Од анализата на половата структура се забележува минимална доминација на женското население. Во наведената табела, покрај половата структура е прикажана и старосната структура.

| Возраст | 0-14 | 15-64 | 65 и повеќе | Непознато | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мажи** | 1912 | 8280 | 1227 | 1 | 11420 |
| **Жени** | 1923 | 8218 | 1421 | 6 | 11568 |
| **Вкупно** | 3835 | 16498 | 2648 | 7 | 22988 |

### 1.5.2. Структура на населението според националната припадност

| Етнички групи | % | Население |
|---|---|---|
| Македонци | 96,77 | 22.320 |
| Албанци | 0,03 | 8 |
| Бошњаци | 0,02 | 5 |
| Роми | 0,08 | 18 |
| Срби | 1,61 | 372 |
| Турци | 0,15 | 34 |
| Власи | 0,93 | 214 |
| Останати | 0,41 | 93 |

### 1.5.3. Број на домакинства и просечен број на членови на домакинството

Општествено - економскиот развој односно растот на производните сили е поврзан со промена на општествените односи, што неминовно води кон распаѓање на големите семејства и тенденција на сведување на потесно семејство во кое живеат само родителите со децата.

| Домаќинства | Вк. Насел. | Број на домакинства | | | Број на семејни домаќинства | | | | Вк.бр. на сем. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вк. | Не сем | сем | 1сем | 2сем | 3сем | 4сем | |
| Гевгелија | 22988 | 7211 | 877 | 6344 | 5886 | 448 | 10 | / | 6812 |
| Инд.домаќ. | 22840 | 7218 | 874 | 6344 | 5886 | 448 | / | / | 6812 |
| Со 1 член | 820 | 820 | 820 | / | / | / | / | / | / |
| Со 2 члена | 3256 | 1628 | 48 | 1580 | 1580 | / | / | / | 1580 |
| Со 3 члена | 4704 | 2968 | 5 | 1563 | 1563 | / | / | / | 1563 |
| Со 4 члена | 9352 | 2338 | 1 | 2337 | 2270 | 67 | / | / | 2404 |
| Со 5 члена | 2785 | 557 | / | 557 | 426 | 131 | / | / | 688 |
| Со 6 члена | 1488 | 248 | / | 248 | 39 | 207 | / | / | 459 |
| Со 7 члена | 329 | 47 | / | 47 | 6 | 38 | / | / | 91 |
| Со 8 члена | 56 | 7 | / | 7 | 2 | / | / | / | 14 |
| Со 9 члена | 27 | 3 | / | 3 | / | 3 | / | / | 8 |
| Со 10 и повеќе члена | 23 | 2 | / | 2 | / | 1 | / | / | 5 |
| Колективни домаќинства | 148 | 3 | 3 | / | / | 1 | / | / | / |

## 1.5.4. Работоспособен и активен контингент на население

Во општината се евидентирани 8.679 вработени, а стапката на вработеност изнесува 77,29%, со што општината се наоѓа меѓу општините со највисока стапка на вработеност. Истовремено, општина Гевгелија е со најмала стапка на невработеност во државата, која изнесува 22,71%, со евидентирани 2550 невработени лица, од кои 1.035 се жени. На долната табела е прикажана образовната и половата структура на невработените во општината. Од неа може да се види дека меѓу невработените се доминантни мажите и лицата без оформено средно образование (59,8% се со НКВ и КВ/ВКВ).

- Структура на население според степен на образование

| основно | средно | вишо | високо |
|---|---|---|---|
| 5829 | 8797 | 709 | 1155 |

- Структура на вработеност и невработеност

| работна сила | вработени | невработени | стапка на невработеност |
|---|---|---|---|
| 11229 | 8679 | 2550 | 22.71% |

- Структура на невработени според степенот на образованието

| основно | средно | вишо | високо |
|---|---|---|---|
| 1526 | 778 | 72 | 174 |

| **Возраст на населението** | **Економски активни** | **Економски неактивни** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| 15 - 19 | 71 | 1446 | 1517 |
| 20 - 24 | 1406 | 682 | 2088 |
| 25 - 29 | 927 | 254 | 1181 |
| 30 - 34 | 1136 | 184 | 1320 |
| 35 - 39 | 1275 | 197 | 1472 |
| 40 - 44 | 1412 | 192 | 1604 |
| 45 - 49 | 1368 | 350 | 1718 |
| 50 - 54 | 1030 | 476 | 1506 |
| 55 - 59 | 583 | 578 | 1161 |
| 60 - 64 | 262 | 943 | 1205 |
| 65 - 69 | 43 | 1011 | 1054 |
| 70 - 74 | 19 | 776 | 795 |
| 75 - 79 | 5 | 492 | 497 |
| над 80 | 1 | 299 | 300 |
| непознато | 1 | 4 | 5 |
| | 11223 | 7884 | 19107 |



- **Населби**

Населбите во општината се разликуваат по големината, организацијата на просторот, како и по културните особености. Во општина Гевгелија има 16 населени места и градот Гевгелија. Во табелата подолу се прикажани вкупниот број на жители по населено место како и нивниот соднос помеѓу мажи и жени.

| Р.бр. | Населено место | вкупно | жени | мажи |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Гевгелија | 15.685 | 8.150 | 7.535 |
| 2. | Богородица | 1.001 | 483 | 518 |
| 3. | Габрово | 20 | 10 | 10 |
| 4. | Давидово | 373 | 184 | 189 |
| 5. | Кованец | 177 | 84 | 93 |
| 6. | Конско | 4 | 2 | 2 |
| 7. | Миравци | 1647 | 810 | 837 |
| 8. | Милетково | 117 | 57 | 60 |
| 9. | Моин | 317 | 142 | 175 |
| 10. | Мрзенци | 461 | 230 | 231 |
| 11. | Негорци | 2.047 | 997 | 1.050 |
| 12. | Ново Конско | 136 | 72 | 64 |
| 13. | Петрово | 206 | 89 | 117 |
| 14. | Прдејци | 514 | 257 | 257 |
| 15. | Серменин | 18 | 9 | 9 |
| 16. | Смоквица | 263 | 126 | 137 |
| 17. | Хума | 2 | 1 | 1 |
| | ВКУПНО | 22.988 | 11.703 | 11.285 |

## 2. Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Гевгелија од природни непогоди и други несреќи

### 2.1. Загрозеност од земјотреси

Подрачјето на општина Гевгелија му припаѓа на Вардарската зона која се одликува со повремена сеизмичка активност.

На подрачјето на општина Гевгелија се среќаваат вулкански карпи, вулканогени и неогени седименти.

Вулканските карпи и вулканските седименти се најзастапени на просторот на планината Кожуф и во просторот на Ѓавочки рид.

Од вулканските карпи се среќаваат доциди и андезиди во разни варијанти. Вулканските седименти се претставени со разни туфови и конгомерати.

Седиментните карпи лежат преку вулканските карпи и се јавуваат во вид на разни песочници. Во долините на реките: Конска, Серменинска, Кованска и други, се среќаваат и алувијални наноси (чакал и песок).

Врз база на досегашните согледувања и проценувања на терените во општината и историските записи за настанатите земјотреси на ова подрачје, оценето е дека подрачјето на општина Гевгелија припаѓа во зоната од ВИИИ до Х степени по Меркалиевата скала.

Од ова произлегува дека поголем дел на општината би имал последици, како на населението, така и кај објектите.

Оваа претпоставка се базира врз досегашниот карактер на земјиштето во овој крај.

Голем дел од објектите во Општина Гевгелија, особено во индивидуалното домување во изминатиот период се изградени без примена на мерки за сеизмичка заштита.

Затоа е потребно да се изврши соодветно планирање и организирање на активности за подготвеност во случај на земјотрес, со ангажирање на расположивите персонални и материјално - технички ресурси на подрачјето.

За добивање на пореална проценка, неопходно е да се извршат испитувања на градбите и да се дефинира влијанието на локалните почвени услови.

Земјотресите на подрачјето на општина Гевгелија врз основа на податоците на историското минато, со исклучок на земјотресот во 1931 година, се претежно последични кои се јавуваат како резултат на поинтензивни земјини движења во соседните трусни области како што се: од северо-исток Струмичката област, од северо-запад Скопје.

По оваа трусна катастрофа периодот е релативно мирен, со исклучок на 21.12.1990 година кога се случи силен земјотрес со магнитуда од МЛ = 5,6 по Рихтер, со епицентар 25км јужно од Гевгелија.

**Опис на загрозени добра:**

- Не значително оштетување на добро проектирани и градежно изведени објекти;
- Изместување на рам-конструкција на добро проектирани објекти;
- Големи оштетувања на обични објекти;
- Придвижување на објекти во однос на темелите;
- Оштетување, прекинување на патишта, мостови, електрични и телефонски мрежи, радио и ТВ предаватели, оџаци, потпорни ѕидови;
- Прекинување на системот за наводнување.

Или ова изразено во проценти би изнесувало:

- лесно оштетени објекти 33%
- потешко оштетени објекти 61%
- објекти склони на паѓање 3%
- објекти наполно срушени 3%

Последиците по населението би биле:

- полесно повредени лица 33%
- потешко повредени лица 20%
- мртви лица околу 1%
- неповредени 44%

**Опис на превентивни мерки**:

- Почитување на сеизмичките влијанија при градба на објекти предвидени со просторните и урбанистичките планови;
- Да се предвидуваат соодветни мерки за зацврстување на веќе изградените објекти од општествената дејност;
- Да се применуваат стандарди за градежните материјали погодни за градба на сеизмичко подрачје;
- При донесување на урбанистичките планови на населените места да се имаат во предвид и потребите од зелени површини, растојанието и висината на објектите;
- Обезбедување на несметан пристап на противпожарно возило;

- Обука на силите за заштита и спасување за делување при расчистување на урнатини;
- Обезбедување на градежни машини за расчистување на урнатини;
- Обезбедување на противпожарни возила за заштита од евентуални пожари;
- Обезбедување на вода за пиење на настраданото население;
- Обезбедување прва помош, храна и импровизирано сместување под шатори;
- Обезбедување на возила за утовар на градежен шут;
- Обезбедување на возила за транспорт на градежен шут;
- Обезбедување на локација за градежен шут.

## 2.2. Загрозеност од поплави и уривање на брани

Општина Гевгелија се наоѓа на јужниот дел на северниот умерен појас, меѓу подрачјата во кои се чувствува влијанието на медитеранската клима и околниот планински масив на планините Беласица, Пајак, Кожуф, каде владее исклучиво планинска клима. Количеството на годишните врнежи изнесува до 750мм воден талог, а на снег 20% од вкупните врнежи на 1м². Најмногу врнежи паѓаат во октомври и ноември, а најмалку во јули, август и септември.

Реката Вардар тече низ подрачјето на општината и во неа се вливаат реките: Конска, Петрушка, Кованска, Зуица и Серменинска.

Како критични точки на излевање на водите се:

- На Петрушка река, кај Милетково и низводно на обработливите површини на Милетковското поле;
- На Кованска река, критична точка на излевање е брегот крај автопатот и јужно од мостот на автопатот каде што се можни поплави на делот од атарот на Прдејци, и оштетување на автопатот и на самиот мост кај Прдејци;
- На Конска река, при силни врнежи на дожд кога траат повеќе денови, критична точка на излевање е браната кај Касарната, па се до железничката пруга. На таа релација се собира целокупната вода од јужниот планински слив на планината Кожуф и при излевање, на коритото, кое има повисока точка од градот, може да ги загрози Гевгелија, обработливите површини и мостот на железничката пруга;
- На Серменинска река, критична точка на излевање е кај "Ташковата воденица", која може да го сврти коритото кон градот и лозовите насади лево и десно, при што може да нанесе штети на поранешните плантажи на ЗИК "Винојуг", обработливите површини крај Мрзенци, индустрискиот дел на градот и населбата спроти Расадникот.

Последиците од излевање на р.Вардар би се состоеле од нанесување на штети на обработливите површини на населбите Миравци, Милетково, Прдејци, Мрзенци, Богородица и Гевгелија.

При поголеми дождови и "Рауљот" може да се излее од своето корито и да направи штети на комуникациите и станбените објекти во непосредна близина. При надоаѓањето на екстремни води на вРауљотг проблем се јавува што и поради тоа што постојната канализација во градот не може да ја прими целата вода, па од затворање на одводната канализација, се јавуваат подземни води, кои навлегуваат во подрумите на голем број станбени објекти.

Исто така, на подрачјето на општината има и неколку помали акумулации (брани) кои при силни дождови можат да се излеат и да направат одредени

штети, како на земјоделското земјиште така и на други индивидуални и општествени објекти.

**Опис на превентивни мерки**:

- Редовно и навремено чистење на речните корита и каналите од хидромелиоративниот систем;
- Изградба на заштитни појаси на речните корита, особено на местата каде се евидентирани чести излевања на водите;
- Континуирано одржување на каналите од хидромелиоративниот систем (примарна, секундарна и терциарна каналска мрежа) во исправна состојба;
- Редовно одржување на водостопанските објекти (шахти, вентили, пумпи, затворачи и слично);
- Одржување на отворените канали за одвод и атмосферската канализација во градот;
- Запознавање на населението за опасностите од појава на поплави и уривање на брани и нивно обучување и оспособување за превземање на мерки и постапки за заштита и евакуација во тие услови;
- Заштита и спасување на луѓето, животните и материјалните добра од поплавените објекти и нивно згрижување;
- Превентивна заштита од заразни болести.

## 2.3. Загрозеност од снежни намети, лавини и луњи

Снежните намети, лавини и луњи, иако поретки, како природни метеоролошки појави во зимскиот период, предизвикуваат различни пореметувања во секојдневните активности.

Овие природни непогоди го отежнуваат функционирањето на сообраќајот, а често пати и предизвикуваат физичко оштетување на надземните ТТ - водови и преносната електрична мрежа односно времено прекинување на нивната функција. Снежната покривка во општина Гевгелија се јавува најчесто во месеците јануари и февруари, кога достигнува до 10см и не трае повеќе од 10 дена.

**Во патничкиот сообраќај**

На подрачјето на општина Гевгелија при секое паѓање на поголеми количини на снег пропратени со силен ветер се создаваат намети на поедини места на сообраќајниците и тоа:

- На магистралниот пат Гевгелија - Удово, кај оранжериите во близина кај Прдејци и кај Смоквица;
- На делницата под надвозникот преку пругата, кај Мрзенци до клучката кај Удово на сите мостови, надвозници и други објекти се создава голомразица;
- На делот од автопатот, од надвозникот преку пругата кај Мрзенци до македонско - грчката граница не се создаваат поголеми намети, но потребно е постојано чистење на снегот и посолување за време на паѓање на снег;
- На регионалниот пат Гевгелија - Богданци, во услови на паѓање на снег, на одредени места се создаваат снежни намети, како и голомразица при пониски температури.

Локални патишта

- Негорци - Кованец и Негорци - Душевна болница, на овие патишта се создаваат намети и голомразица;
- Патот Негорци - Серменин - Конско - Смрдлива вода при паѓање на снег има намети и голомразици. Често пати патот од Серменин до Смрдлива вода е непрооден;
- На патот Гевгелија - Ново Конско, намети се создаваат од месноста Динќут до влезот на Ново Конско;
- На локалниот пат, надвозникот кај Милетково - Милетково - Габрово - Петрово се создаваат намети од снег. Овој пат го експлоатира шумското претпријатие Кожуф од Гевгелија и истото го одржува и чисти;
- На локалниот пат, Богородица - Гевгелија и Богородица - Стојаково, се создаваат намети од снег.

Снежните врнежи пропратени со силните ветрови, кои на моменти достигнуваат брзина од 120км на час, причинуваат огромни штети на раноградинарските култури и на објектите од индивидуалниот и општествениот сектор.

**Во железничиот сообраќај**, на пругата Гевгелија - Скопје, не се забележани намети и лавини, а со тоа и неодвивање на сообраќајот. Вработените во МЖ превземаат оперативни мерки за отстранување на снегот, со специјални локомотиви опремени со плугови за чистење, а имаат формирано и посебни мобилни екипи со задача редовно чистење на снегот.

**Во ПТТ сообраќајот**, автоматските телефонски централи со кои е опремена општината, меѓусебно поврзани со подземни кабли, снежните намети немаат негативни влијанија и не можат да предизвикаат некои последици.

За разлика од нив на штетни влијанија од снежни намети се изложени надземните водови на телефонскиот сообраќај и радиорелејните станици.

Телефонските оператори кои стопанисуват со телекомуникацискиот систем имаат свои екипи кои ги одржуваат сите водови и преносни станици, особено во услови на снежни намети кои можат да предизвикаат голем застој во телекомуникацискиот сообраќај.

**Во пренос на електрична мрежа**, при паѓање на поголеми врнежи на снег може да дојде до кинење на електричната мрежа и тоа долж патот кој води кон Смрдлива вода.

**Загрозеност од градобијност**. Градот како природна непогода секоја година уништува дел од земјоделските и други стопански гранки. Појавата на град во општина Гевгелија е изразена во времето на вегетацискиот период на земјоделските растенија. Најголеми појави на град има во месеците мај, јуни, јули во периодот од 12 до 23 часот од денот. Во општината противградни лансери се распоредени во селата: Н.Конско, Негорци, Кованец, Прдејци, Мрзенци, Смоквица, Миравци но истите не функционираат.

Со оперативниот план за заштита и спасување на населението и материјалните добра од снежни намети и лавини, врз основа на проценката на загрозеност се утврдуваат приоритети на чистење на локалните патишта, улици и тротоари, со приоритет според степенот на важноста на сообраќајниците и обезбедување на пристап до јавните објекти (болници, училишта, државни установи и сл.) како и конкретни извршители за редовно и вонредно зимско одржување.

Намалувањето на штетните влијанија од снежни намети и лавини, како и намалување или отстранување на последиците, може да се обезбеди со вградување на мерките за заштита и спасување и нивно целосно

имплементирање во урбанистичките планови кои задолжително треба да се почитуваат при проектирање и изградба на сите патни правци, железнички линии, телекомуникацискиот сообраќај и пренос на електрична мрежа.

## 2.4. Загрозеност од високи атмосферски температури

Просечната годишна температура на воздухот во општина Гевгелија изнесува 14,3 степени Целзиусови со највисоки просечни месечни температури во јули 25,7 С и најниски во јануари од 3,2 С.

Просечна годишна сума на врнежи во општината изнесува 745,2мм$^3$. Распоредот на врнежите не е рамномерен, најмногу ги има во есен, а најмалку во лето.

Просечната влажност на воздухот изнесува 71-72%, во зима изнесува 81-82%, а во лето се спушта до 56%.

Под влијание на високите атмосферски температури во општината, кои во летниот период се искачуваат и над 40 степени Целзиусови се јавуваат сушни периоди, кои можат да предизвикаат големи материјални штети на земјоделското производство и шумскиот фонд. Истовремено можат да доведат до опасност од шумски пожари и пожари на отворен простор, поголеми проблеми во однос на недостаток на вода за пиење, како и последици по здравјето на населението.

## 2.5. Загрозеност од пожари и експлозии

На подрачјето на општина Гевгелија, постои опасност од пожари и нивно брзо ширење, како во урбаните средини (станбените и индустриските објекти во градот и во населените места), така и на отворен простор (шумски предели, шикари, земјоделски површини).

Во општина Гевгелија шумите се карактеризираат со неповолна структура на шумскиот фонд. Подрачјето на општината делумно е покриено со листопадна, иглолисна и ниска шума.

Вкупната површина со шума изнесува 28.350 хектари, пасишта 2.652 хектари и обработлива површина 7.800 хектари.

Од вкупниот шумски фонд на подрачјето на општината се следните шуми:

- Нискостеблеста . . . . . .20%
- Високостеблеста . . . . .32%
- Мешана . . . . . . . . . . . . .43%
- Бор . . . . . . . . . . . . .. . . . 2.5%
- Ела . . . . . . . . . . . . . . . .. 2%

Покрај пошумените површини постојат ниски пасишта обраснати со трева и други ситни растенија и високопланински пасишта обраснати со трева, смрека, боровинки и други шумски растенија кои особено во летниот период претставуваат опасност од опожарување.

Обработливите површини се садат или се засадени со разни раноградинарски култури, лозја, овоштарници, житни растенија кои во периодот на зреењето претставуваат потенцијална опасност од опожарување.

Градежните објекти, посебно станбените згради претставуваат потенцијална опасност од опожарување, а посебно во услови на неисправни и неисчистени оџаци, неправилна употреба на разни електро потрошувачи, затоплување со лесно запаливи материјали, градење покрај станбени објекти,

гаражи, штали, шуми и слични објекти од лесно запаливи материјали, (25% од станбените објекти се стари и дотраени, градени од лесно запаливи материјали,).

Општина Гевгелија има разгранета патна мрежа што ги поврзува сите населени места со градот и познатите туристички и излетнички места. Овие патишта поминуваат покрај тревни и житни површини, што во летните месеци претставуваат опасност од опожарување на овие површини.

На туристичките и излетничките места на подрачјето на општината граѓаните често палат оган на отворен простор, а на тие места постои сува трева, лисја од дрвја и други лесно запаливи материи и при мало невнимание често претставуваат опасност од опожарување.

На подрачјето на општината постои и разгранета телефонска мрежа со дрвени столбови често поставени на лесно запаливи места и до колку нивната околина не се чисти постои опасност од опожарување.

Транспортните претпријатија, како и МЖ, кои со своите возила - цистерни превезуваат запаливи течности, а кои често се паркираат во населени места и во близина на објекти, претставуваат потенцијална опасност од пожари и експлозии.

Опасност од пожари и експлозии претставуваат и бензинските пумпи кои се наоѓаат во градот и населените места.

Исто така, потенцијална опасност претставуваат и репроматеријалите за земјоделието, амбалажа, сточна храна и други запаливи материјали кои се чуваат на отворен простор во необезбедени шупи, плевни и слични простории.

Причини за опожарување можат да бидат и детската игра, намерното палење, градежните недостатоци, недоволни и ненавремени превентивни мерки, стара електроинсталација, невнимание од пушачи со фрлања на неизгасени цигари, палења на стрништа, елементарни непогоди и друго.

Заради зголемена пожарна опасност, особено при појава на природни непогоди, а со цел успешна и ефикасна заштита од пожари, потребно е континуирано спроведување на превентивните и оперативните мерки за заштита.

**Опис на превентивни мерки**:

- Планирање и изградба на објектите согласно урбанистичко - техничките нормативи;
- Изградба на хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција;
- Чистење на простории и простори од стари лесно запаливи материјали, градење на помошни простории (штали, шупи, плевни и слично) на безбедна оддалеченост од згради за живеење и други објекти и нивно обезбедување;
- Изградба на соодветни сообраќајници и природни патишта, како и слободни површини за ефикасна интервенција;
- Во сите населени места да се определат депонии - собиралишта за ѓубре, отпадни материјали, остатоци од амбалажа и сл. и да се определат одговорни лица што ќе ги палат овие отпадни материјали;
- Одржување на техничките средства за ПП заштита во исправна состојба и нивно благовремено проверување и сервисирање;
- ЈП за шуми, во сушните периоди да организираат служба за набљудување и известување, со потребната техничка опрема;
- Едукација и обучување на населението и подигнување на противпожарна култура;
- Опремување на професионалните противпожарни единици со современи материјално - технички средства и опрема.

## 2.6. Загрозеност од неексплодирани убојни средства (НУС)

На подрачјето на општина Гевгелија се воделе повеќе војни меѓу кои двете балкански војни, Првата и Втората светска војна.

Сите војни покрај директните последици врз населението и материјалните добра, предизвикувале и уште предизвикуваат дополнителни последици од неексплодирани средства (НУС).

Најголемиот дел на НУС се останати од првата и втората светска војна како резултат на воените дејства што се воделе во тој период.

Пронајдените неексплодирани убојни средства според видот се многу различни (рачни бомби, артилериски гранати, авио бомби) и имаат голема експлозивна и убиствена моќ поради што претставуваат опасност за населението и за материјалните добра.

Во општината најголем дел на НУС се пронајдени долж линијата на Солунскиот фронт во околината на Гевгелија.

## 2.7. Загрозеност од епидемии на заразни заболувања

Сегашната состојба во однос на појавата и движењето на заразените заболувања, како и начинот и степенот на водоснабдувањето, организацијата на градот и населените места, урбанизацијата, управувањето со отпадот, степенот на здравствено воспитување на населението и вкупниот развој на превентивната медицинска заштита, како и подобрувањето на санитарно - хигиенската состојба во општината, придонесоа за значително подобрување и намалување на опасностите од заразни заболувања и епидемии. Но и покрај тоа се уште се регистрираат одреден број на заболени од заразни заболувања и нивно повремено јавување во форма на помали епидемии.

Епидемиите претставуваат ретки, но можат да бидат опасни појави на разни болести. Према проценката на загрозеноста на Општината од епидемии, констатирано е дека во општината постои можност да се појават следните болести:

1. Група цревни заразни болести:
- Стомачен тифус, дезинтерија, паратифус А,Б и Ц, заразна жолтица, детска парализа и колера;
2. Група респираторни заразни болести
- грип, туберкулоза, епидемичен менингитис, скарлатина, дифтерија, мали и големи сипаници, заразни заушки, разни ангини, воспаление на белите дробови;
3. Група трансмисивни заразни болести (заразни болести кои се пренесуваат преку разни инсекти)
- пегав тифус, повратен тифус, маларија, папатачи-треска, шуга и хеморотична треска;
4. Група зоонози (заеднички болести на човекот и животното)
- кју-треска, бруцелоза, краста, црн пришт, беснило, тетанус, шугавост - краста.

Извори на заразни болести, кои можат да пораснат во епидемии, зависат од групата болести, од видот на елементарната и друга несреќа и се јавуваат во разни периоди на годината.

**Прва група** на заразни болести се јавува при употреба на вода од загадени водотеци и излив на септички јами, при постоење на бацилоносители или болни.

Најчесто се јавуваат во летните и раните есенски денови, освен заразната жолтица која се јавува во есенско - зимскиот период.

**Втората група** заразни болести се јавува кај скриено болни, привидно болни, претежно во есенско-зимниот и пролетниот период.

**Трета група** - трансмисивни болести, се манифестираат преку носители на заразата (вошки, комарци, крлежи и сл.). Во зависност од болеста се јавуваат во летниот, есенскиот, зимскиот и пролетниот период.

**Четвртата група** заразни болести, зоонози се јавуваат како резултат на болни животни во текот на целата година.

Во услови на природни непогоди (поплави, земјотреси или други вонредни околности), се загрозуваат и условите за живот и работа на населението, што може да доведе и до заразни заболувања и епидемии.

Примарна цел во вакви услови е прифаќање, медицински третман и згрижување на настраданото население.

Покрај тоа треба да се реализира:

- следење на санитарно - хигиенската и епидемиолошка состојба;
- контрола на водата за пиење и превземање мерки за снабдување на населението со чиста вода за пиење;
- Превземање на мерки за заштита на населението (предупредување, вакцинација, обезбедување на лекарства, потребна медицинска нега и сл.).

Епидемиолошката дејност во РМ се спроведува според Законот за здравствена заштита, Законот за заштита на населението од заразни болести, подзаконски акти од оваа област, како и врз основа на Програмата која ја донесува Владата на РМ.

Општината врши надзор над појавата, состојбата и движењето на заразни заболувања преку размена на информации со Заводот за здравствена заштита - Гевгелија, Медицинскиот центар - Гевгелија, Црвениот крст, кој располага и со единица за итни интервенции опремени со потребните материјално - технички средства и опрема, Ветеринарната инспекција при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - П.Е. Гевгелија.

## 2.8. Загрозеност на животните и производите од животинско потекло

Заштитата на животните од заразни болести претставува приоритетна цел, имајќи го предвид нивното значење во современите услови на живеење и се поизразената потреба од обезбедување на доволни количини квалитетна прехрана на населението.

Начинот на одгледувањето, исхраната, условите на сместување, едуцираноста на одгледувачите на домашните животни, претставуваат основни услови за појава на загрозеност од заразни болести кај животните.

Во групата на заразни болести кај животните спаѓаат: антракс, беснило, шушкавец, туберкулоза, сакагија, чума кај свињите, краста кај овците, атипична чума кај живината, шап и лигавка, црвеница кај свињите, ентероксемија кај овците, заразна кривотница кај овците, тифус кај живината и бел пролив кај пилињата, заразни болести кај пчелите, рибите, заразно пресушување на вимето, гангренозно воспаление кај вимето на овците, лептоспироза, инфективен бронхит кај живината, ауецкиева болест и инфективна анемија кај коњите.

Во групата паразитски болести кај животните спаѓаат: белодробна стронгилоза,желудечно-цревна стронгилоза, ехинококоза, пироплазмоза, паразитни болести кај пчелите, кај рибите, метилавост и јагаричавост.

Во претходните години на подрачјето на општината имаше појава на бруцелоза кај овците, говедата и козите, а со тоа и опасност од заразување на производите од животинско потекло.

Превентивното дејствување во оваа област се обезбедува со севкупно евидентирање на ситниот и крупниот добиток, негово обележување, следење на појавата на болести, превентивно вакцинирање, отстранување на заразените грла, контрола на стоката што пристигнала од други реони и сл.

Преземањето превентивни мерки и лекувањето на животните се врши преку ветеринарните друштва, земјоделските и трговските друштва што се занимаваат со оваа дејност (сточарски и живинарски фарми), а контролата ја вршат овластени ветеринарни инспектори.

Следењето на состојбите како и превентивното дејствување против загрозеноста на животните и производите од животинско потекло, општината го следи преку соработка со надлежните органи.

## 2.9. Загрозеност на растенијата и производите од растително потекло

Општина Гевгелија зафаќа површина од 485км$^2$ и се карактеризира со неповолна структура на шумскиот фонд. Вкупната површина под шуми изнесува 28.350 ха., додека обработливата површина изнесува 7.800ха. На овие површини повеќе се застапени земјоделските едногодишни и повеќегодишни култури.

За време на вегетацијата земјоделските и шумските растенија постојано се изложени на штетно делување на голем број болести и штетници кои можат да нанесат големи материјални штети преку намалени приноси и намалување на квалитетот на земјоделските производи, намален прираст на дрвена маса, а во одделни случаи да предизвика и сушење на шумските насади.

Најголеми последици кај растенијата и шумите во општината предизвикуваат следните болести и штетници:

**Пламеницата** како болест напаѓа голем број на култури, виновата лоза, градинарските култури, овошните насади, индустриските култури и друго. Истата се јавува во мај, јуни и јули при поволни услови (температура и влага) а поради ненавремената употреба на заштитни средства може да ги намали приносите за 10 до 50%. Меѓутоа со примена на системични препарати оваа болест е под контрола.

**Пепелницата** напаѓа голем број на култури, а нејзиниот интензитет зависи во голема мера од климатските услови. Со примена на хемиски средства успешно се сузбива, меѓутоа, во поволни услови и поради ненавремена заштита оваа болест може да нанесе значајни штети.

**Бактериски заболувања** е појава на заболување на повеќе градинарски култури од разни патогени бактерии.

**Вирусни заболувања** се заболувања предизвикани од патогени вируси и тоа кај виновата лоза, компирот, пиперките, доматите, сливите, а спречувањето на овие заболувања се врши со примена на агро технички и други мерки.

**Лиснати вошки** може да предизвикаат значителни штети во услови на топла и влажна пролет, а сузбивањето на истите се врши исклучиво со примена на хемиски средства.

На подрачјето на општината доминираат листопадните шуми (даб, црн и бел габер, костен, бука), додека зимзелените (бор, ела, смрека), како и мешаните се простираат на помали површини. Шумите во општината се многу деградирани и предстои опасност од нивно уништување.

Во шумскиот еко систем во општината се јавуваат болести и штетници како што се: губерот, жолтомешка, борова оса и боров свиткувач.

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло се остварува во рамките на единствениот систем за заштита и спасување во кој свој удел има и општината.

## 2.10. Загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и инциденти со опасни материи

Широкиот спектар на опасни материи, кои се користат во процесот на производство и за други намени, може за многу краток временски период да предизвика контаминација - загадување на воздухот, водата, почвата и објектите.

Хемиската контаминација на воздухот, водата и почвата, а со тоа и на населението и материјалните добра, може да настане во редовни услови на живеење и работа. Најчести причини за тоа се:

- различни дефекти и оштетувања
- неправилно ракување со средствата и постројките
- несоодветна заштита на магацинските простори и резервоари со хемиски запаливи течности
- неконтролирано испуштање на хемиски отпад
- неконтролирана употреба на пестициди
- сообраќајни несреќи и друго

Во општината постојат неколку субјекти кои стопанисуваат со хемиски опасни материи, како и бензинските пумпи на Макпетрол и Окта. Истите при појава на природни непогоди и техничко технолошки несреќи претставуваат опасност за населението и материјалните добра и би можеле да нанесат сериозни последици врз здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина воопшто.

Што се однесува до степенот на биолошката контаминација може да се каже дека општината не е особено загрозена.

Со оглед на последиците кои можат да бидат предизвикани со неконтролираната употреба на радиолошки, хемиски и биолошки средства, како во редовни услови на живеење, така и при појава на природни непогоди и во услови на војна, се наметнува потребата од систематско дејствување и превземање на мерки и активности од страна на сите надлежни субјекти во рамките на своите надлежности и делокруг на работење.

## 2.11. Загрозеност од поголеми сообраќајни несреќи

Сообраќајните несреќи на подрачјето на Општина Гевгелија, според бројот на повредените, загинатите, а може да се каже и според материјалната штета, претставуваат перманентна закана за животот и здравјето на населението, како и за материјалната штета, пред се, на моторните возила.

Најчести причини за сообраќајните несреќи во општината се: брзото возење, управување на моторно возило во алкохолизирана состојба, непочитување на сообраќајните знаци и неприлагодување на брзината спрема условите на патот.

Сообраќајни несреќи на подрачјето на општината можат да се случат и поради т.н. вцрни точкиг на автопатот од Гевгелија до Удово, поради снежните намети и голомразицата, поради поројните води, кои ги загрозуваат мостовите и пропустите на железничката линија, поради превоз на разни камиони-цистерни и

вагони-цистерни со запаливи материи, кои при судар можат да предизвикаат големи сообраќајни и други несреќи.

На магистралниот пат сите објекти се во исправна состојба и поставени се сообраќајни знаци. "Црни точки" на магистралниот пат има кај мостот на Кованска река и пред клучката кај Смоквица.

Голомразицата во зимскиот период се јавува кај подвозникот кај Смоквица, меѓу мостот на р.Вардар и Марвинци, на сите мостови и надвозници на патот од Гевгелија до Удово, како и на регионалниот пат Гевгелија - Богданци - Дојран.

Железничката линија Гевгелија - Д.Капија е загрозена во вид на одронување на земјата на делницата од Удово до Јаворица и Клисура, а од поплави е загрозена пругата под мостот кај македонско-грчката граница, на излезот од Гевгелија до Мрзенци и пропустот на стојалиштето кај Смоквица.

Голем број на камиони-цистерни и вагони-цистерни натоварени со запаливи материи при евентуални судири и други несреќи од неисправноста на цистерните може да дојде до големи несреќи поготово ако се случат во летните месеци кога фрекфенцијата на возила е значително зголемена.

Добар дел од камионите се оставаат во населените места од каде се и возачите и претставуваат потенцијална опасност да дојде до несреќа. Неосигурените премини на железничката линија, кои се наоѓаат во непосредна близина на населените места, исто така, претставуваат опасност од несреќи.

Токму затоа на проценката на загрозеност од сообраќајни несреќи, треба да и се обрне поголемо внимание и да се разработат детални Мерки за превентивно дејствување за загрозеност од сообраќајни несреќи.

**Опис на превентивни мерки**:

- Изградба, одржување и заштита на сообраќајниците;
- Поставување нова и одржување на постојната сообраќајна сигнализација, како во градот, така и по населените места;
- Отстранување на тесните грла на одделни сообраќајници;
- Доследна примена на утврдениот режим на сообраќај за одделни сообраќајници;
- Да се осигура техничката и друга исправност на превозните средства кои вршат превоз на запаливи материи;
- Камиони - цистерни да не се паркираат во населбите и со тоа да се создаваат услови да дојде до пожари, експлозии и друго;

## 2.12. Загрозеност од други вонредни состојби

Подрачјето на општина Гевгелија со поголемите населени места спаѓа во втор степен на загрозеност. Тоа подразбира дека е простор со висок степен на загрозеност, кој во случај на војна би се нашло во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено, тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се во најгуста населеност. Оттука во случај на војна на подрачјето на општината може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и на материјалните добра.

Организацијата на одбраната не е во надлежност на општината. Но, во мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра, како и при загрозеноста од природни непогоди, вклучувањето на општината е неопходно. Затоа и на овој план треба да продолжат подготовките со постојано ажурирање и надоградување на плановите за дејствување во правец на заштита и

спасување на населението и материјалните добра во услови на воена опасност и војна.

**2.13. Загрозеност од технишко - технолошки несреќи**

- **Загрозеност од недостиг на вода од дефекти и загадување на системите за водоснабдување**

Градот Гевгелија, а во перспектива и дел од населените места во општината, со вода за домаќинствата се снабдуваат преку водоснабдителниот објект (бунарите) кај с.Моин и пумпите на р.Вардар, со кои стопанисува ЈПКД "Комуналец" од Гевгелија.

ЈПКД "Комуналец" располага со екипи за отстранување на дефектите, а со тоа и сили и материјални средства за делување во услови на техничко - технолошки дефекти на водоснабдителниот објект и на целокупната водоводна мрежа.

Покрај овие водоснабдителни објекти, постојат и низа артерски бунари, бушотини и природни извори кои можат да се користат за алтернативно водоснабдување.

Редовната контрола на водоснабдителните објекти и алтернативните извори е услов за обезбедување на здрава и чиста вода за населението.

При поголеми дефекти вода за населението инцидентно може да се обезбеди со цистерни.

Со планот за заштита и спасување детално ќе се предвидат мерки за делување во услови на недостиг на вода за пиење.

- **Други техничко - технолошки несреќи**

Мерките за заштита од техничко - технолошки катастрофи во себе содржат, покрај непосредната заштита на човекот и материјалните добра и нагласена еколошка димензија. Досега во општината не се регистрирани поголеми техничко - технолошки несреќи.

Една од можните неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи се:

- Просторното и урбанистичко планирање, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина;

- Дејствување во услови на техничко - технолошка несреќа одделно за секој објект што располага и користи опасни материи;

- Треба да се изработат соодветни планови и програми за заштита на населението, како и едукација и тренинг на персоналот во случај на било какви техничко - технолошки катастрофи;

- Вклучување на мерки кои се превземаат за заштита на животната средина, во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

**2.14. Загрозеност на животната средина**

Животната средина може да биде загрозена на подрачјето на целата општина, особено во нејзиниот најнаселен дел, односно во делот на индустриските капацитети. Во општината постојат поголем број на индустриски капацитети кои со својата преработувачка дејност на еден или на друг начин ја

загадуваат животната средина. Затоа е неопходно истите да се задолжат да планираат, организираат и спроведат мерки за заштита на животната средина.

Со превземање на превентивни мерки и активности за заштита, особено во производствената и преработувачката индустрија, како и сообраќајот, може да се намали загадувањето на животната средина, а со тоа и евентуалните последици врз населението и материјалните добра.

Во таа насока приоритетна цел на општината треба да биде изградба на пречистителна станица за отпадни води на градот Гевгелија, во која покрај градот да бидат вклучени и населените места од рамничаркиот дел и индустриските зони во општината.

Бр. 07-1882/1 Претседател
29.08.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2008 година, по расправата по Извештајот за јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија.

2.Заклучокот да се достави до Полициската станица од општа надлежност во Гевгелија

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1886/1 Претседател
29.08.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2008 година, по расправата по Информацијата за безбедноста на патниот сообраќај, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за безбедноста на патниот сообраќај.

2.Полициската станица од општа надлежност да ја зголеми контролата на сообраќајот во општината и посебно на учесниците во сообраќајот со мотори-скутери, бидејќи е масовна појава и смета на сообраќајот. Да се направи контрола на споменатите учесници во сообраќајот, дали истите ги исполнуваат условите предвидени со законските прописи и да се преземат потребните мерки.

3.Заклучокот да се достави до Полициската станица од општа надлежност во Гевгелија

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1885/1 Претседател
29.08.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2008 година, по расправата по Предлог-Програмата за финансирање на работата на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија-Гевгелија, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Програмата за финансирање на работата на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија-Гевгелија.

2.Заклучокот да се достави до Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија-Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1881/1 Претседател
29.08.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за измена и дополнување на Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година ............ 254

2.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на општина Гевгелија ............ 322

3.Програма за измена и дополнување на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2008 година ............ 325

4.Програма за измена и дополнување на Програмата за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2008 година ............ 325

5.Годишна програма за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2008 година ....... 326

6.Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место Мрзенци за м.в."АДА" општина Гевгелија за туристички комплекс ............ 326

7.Процена на загрозеност на подрачјето на општина Гевгелија од природни непогоди и други несреќи ............ 328

8.Заклучок по Извештајот за јавната безбедност на порачјето на општина Гевгелија ............ 346

9.Заклучок по Информацијата за безбедноста на патниот сообраќај ...... 346

10.Заклучок по Програмата за финансирање на работата на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија Гевгелија ............ 347

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 46 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ"бр.82/2008), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 15.09.2008 година, донесе:

## ПРОГРАМА
## *За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2008 година*

### Член 1

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2008 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.21/2007), во глава ИВ."Извори за финансирање на Програмата", во делот "Вкупни приходи искажани по програми и потпрограми се следните:

1.1.Потпрограма ЕА Капитални трошоци на општината, износот "3.500.000,00 денари" се заменува со износот "2.500.000,00 денари";

2.Програма Ф. Урбанистичко планирање и уредување на просторот, износот "22.000.000,00 денари" се заменува со износот "19.340.000,00 денари";

3.Програма Ј. Комунални дејности (Капитални расходи), износот "19.000.000,00 денари" се заменува со износот "25.000.000,00 денари".

Во делот "ВКУПНО ПРИХОДИ" износот "46.000.000,00 денари" се заменува со износот "48.340.000,00 денари".

### Член 2

Глава V."Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", се менува и гласи:

**"V. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Трошоците за реализација на оваа Програма за уредување на градежното земјиште се прикажани во следните програми и потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

### 1. ПРОГРАМА Е. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Потпрограма Е А КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА**

**1. Изработка на проектна документација 200.000,00 денари**

1.1.1. Проектна документација за реконструкција на Народниот театар во Гевгелија

**2. Реконструкција на објекти 2.300.000,00 денари**

2.1.1. Реконструкција на просториите на Одделението за урбанизам на општина Гевгелија

2.1.2. Реконструкција на административни простории-барака на Дом на Култура за потребите на даночното одделение на општина Гевгелија

2.1.3. Реконструкција на покривна конструкција на спортска сала во СОУ "Јосиф Јосифовски"Гевгелија

2.1.4. Реконструкција на покривна конструкција на ПОУ во Милетково
2.1.5. Реконструкција на ОУ "Ристо Шуклев"Негорци (санација на столарија)
2.1.6. Реконструкција на ОУ "Владо Кантарџиев"Гевгелија (замена на столарија, спортска сала)
2.1.7. Реконструкција на ОУ "Крсте Мисирков"Гевгелија (санација на санитарни јазли, ограда)
2.1.8. Реконструкција на ОМУ "Васо Карајанов"Гевгелија (санација на фасада)
2.1.9. Реконструкција на ПОУ во Богородица (дел од фасада)
2.1.10. Реконструкција на ПОУ во Прдејци (санација на санитарни јазли)
2.1.11. Реконструкција на ПОУ во Моин (столарија)
2.1.12. Реконструкција на објект на Работнички универзитет
2.1.13. Реконструкција на Народниот театар во Гевгелија
2.1.14. Реконструкција на Културни и Младински домови во населените места

**Вкупно Е А 2.500.000,00 денари**

## 2. ПРОГРАМА Ф. УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**Потпрограма Ф 2** УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

1. **Други комунални услуги и такси 1.000.000,00 денари**
   1.1.1. Други комунални услуги и такси (Договори со правни лица за одредени ископи, одвоз и превоз и др. )
   1.1.2. Рушење на објекти (дивоградби, рушење на објекти кои се експроприрани и др.)
2. **Договорни услуги 500.000,00 денари**
   2.1.1. Други договорни услуги (Договори со физички лица за изработка на катастарски елаборати, вештачења, геометриски мерења и други стручни работи)
3. **Други оперативни расходи 1.000.000,00 денари**
   3.1.1. Други оперативни трошоци (Изработка на катастарски елаборати и катастарски подлоги, нумерички податоци, вештачења, геометриски мерења, ажурирани катастарски подлоги потребни за изработка на Урбанистички планови објавување на огласи и др.)

**Вкупно Ф 2 2.500.000,00 денари**

**Потпрограма Ф А** УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ

1. **Изработка на проектна документација 500.000,00 денари**
   1.1.1. Проектна документација за ново Градско пазариште во Гевгелија

1.1.2. Проектна документација за нова Автобуска станица во Гевгелија
1.1.3. Проектна документација - Главен проект за Мултифункционален јавен објект (библиотека)
1.1.4. Проектна документација за изградба на Летна сцена во Гевгелија

**2. Изградба на улици 10.000.000,00 денари**

**2.1. Долен строј и асфалтирање**

2.1.1. Изградба на улици во 7-ма УЕ во Гевгелија
2.1.2. Изградба на улици во Миравци
2.1.3. Изградба на улици во Негорци
2.1.4. Изградба на улица во Давидово
2.1.5. Изградба на улица во Прдејци
2.1.6. Изградба на улица во Богородица
2.1.7. Изградба на улици во Индустриска зона “Блокотехна"
2.1.8. Продолжување на ул."Серменинска"
2.1.9. Продолжување на ул.”Илија Миов” до ул.“Мечкин Камен"
2.1.10. Сообраќајно поврзувување на “Бул. Гевгелија” со ул.“Б. Кидрич”

**2.2. Бетонирање на улици**

2.2.1. Улица зад Станбен блок во центарот на градот
2.2.2. Крак кон север на "Булевар Гевгелија"
2.2.3. Улица "7-ми Ноември”-2 крака
2.2.4. Улица "Танче Камберов"-крак
2.2.5. Улица ” Браќа Миладинови”-2 крака
2.2.6. Улица ”Моински пат”-крак кон север
2.2.7. Улица "Никола Карев"-крак на север
2.2.8. Улица "Димитар Влахов"-крак
2.2.9. Улица ”Ѓорѓи Стамов” - 2 крака
2.2.10. Улица "Мирче Ацев" крак кон запад
2.2.11. Улици и краци во Негорци
2.2.12. Улици и краци во Миравци
2.2.13. Улици во Моин
2.2.14. Улица во Прдејци кај училиштето
2.2.15. Улица ”Маршал Тито”-крак кон север
2.2.16. Улица ”Титоградска”-крак кон север
2.2.17. Улица ”Солунска”-крак кон исток
2.2.18. Улица ”Гоце Делчев”- крак кон север
2.2.19. Улица ”Ѓоко Тутушев”-крак кон запад и крак кон исток
2.2.20. Улица ”Петар Мусев”-крак кон запад
2.2.21. Улица "Ристо Фршинин" крак на југ
2.2.22. Улица "Г. П.О" крак кон исток (Дичо Панов)
2.2.23. Улица "Партизанска"- крак
2.2.24. Улица "Железничка"- крак
2.2.25. Улица "Скопска"-крак на север кон ОУ"К.Мисирков"
2.2.26. Улици во Ново Конско

**2.3. Изградба на тротоари и пешачки патеки**

2.3.1. Тротоар (паркинг) пред ООУ"Крсте Мисирков"
2.3.2. Тротоар кај туристичко-информативен центар на ул."М.Тито"
2.3.3. Патека на ул."Коле Неделковски"

2.3.4. Тротоари на “Моински пат" до локалитет "Динќут"
2.3.5. Тротоари на “Булевар Гевгелија“
2.3.6. Тротоари на ул. “Сава Михајлов"
2.3.7. Пешачка патека од ДГ "Детска Радост" кон “Булевар Гевгелија"
2.3.8. Тротоари на други улици

**3. Реконструкција на улици 3.000.000,00 денари**

3.1.1. Булевар Гевгелија од семафори до крстосница со ул."Деко Ковачев"
3.1.2. Улица "Мирче Ацев"
3.1.3. Улица "Борис Кидрич" (под надвозникот)
3.1.4. Улица "Солунска"(кај стадионот)
3.1.5. Улица "Мечкин камен"(кај гробиштата)
3.1.6. Улици во Миравци
3.1.7. Улици во Негорци
3.1.8. Улици во Мрзенци
3.1.9. Реконструкција на ул."Индустриска" со изградба на паркинг
3.1.10. Улица "Маршал Тито"
3.1.11. Улица "Ѓоко Тутушев"
3.1.12. Улица "Македонија"

**4. Изградба на други објекти 1.800.000,00 денари**

4.1.1. Регулација на дел од коритото на "Сува Река"
4.1.2. Регулација на дел од коритото на "Мрзенска река" во делот покрај урбани средини

**5. Надомест за одземен имот 1.540.000,00 денари**

5.1.1. За изградба на улици во 7-ма УЕ (нови улици и ул."Серменинска")
5.1.2. Куќа во дворно место на "Детска Радост"
5.1.3. За изградба на дел од пат од мостот на Сува Река до македонско-грчката граница (дел од патот веднаш по мостот)
5.1.4. За изградба на Ново Градско пазариште
5.1.5. За продолжение на ул."Илија Миов"до ул."Мечкин Камен"
5.1.6. За отворање на крак кон исток на ул. “Солунска”
5.1.7. За отворање на крак кон југ на ул.“Митко Зафиров”
5.1.8. За отворање на крак кон север на ул. "Скопска"
5.1.9. За продолжување на “Булевар Гевгелија кон југ-(Западен Булевар)
5.1.10. За продолжување на “Булевар Гевгелија" кон запад до 9-та УЕ
5.1.11. Објект на ул."7-ми Ноември" пред влезот на пазарот
5.1.12. Куќа во дворно место на Гимназијата

**Вкупно Ф А 16.840.000,00 денари**

## 3. ПРОГРАМА Ј. КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

### Потпрограма Ј А ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**1. Изработка на проектна документација 200.000,00 денари**

1.1.1. Проектна документација за изградба на инсталација за улично осветлување на Моински пат до и на локалитетот "Динќут"
1.1.2. Проектна документација за осветлување на стариот дел од автопатот со новиот автопат (влез и излез од Гевгелија)
1.1.3. Проектна документација за изградба на електрична инсталација на Моински пат -крак инд.зона
1.1.4. Проектна документација за улично осветлување во 7-ма УЕ во Гевгелија
1.1.5. Проектна документација за улично осветлување на улици и делови од градот каде не постои улично осветлување

**2. Изградба на електрични инсталации 3.800.000,00 денари**

2.1.1. Изградба на улично осветлување во населба "Касарна"
2.1.2. Изградба на улично осветлување на краци на ул."Гоце Делчев"
2.1.3. Изградба на улично осветлување на Моински пат до локалитетот "Динќут" вклучувајќи го и целиот локалитет
2.1.4. Изградба на улично осветлување на стариот дел од автопатот со новиот автопат (влез и излез од Гевгелија)
2.1.5. Изградба на улично осветлување во 7-ма УЕ во Гевгелија
2.1.6. Изградба на електрична инсталација во југозападна сервисна зона
2.1.7. Изградба на трафостаници
2.1.8. Изградба на електрична инсталација северно од "Бул. Гевгелија"
2.1.9. Изградба на нови линии за улично осветлување во Миравци
2.1.10. Изградба на нови линии за улично осветлување во Негорци
2.1.11. Изградба на нови линии за улично осветлување во Мрзенци
2.1.12. Изградба на нови линии за улично осветлување во Смоквица
2.1.13. Изградба на нови линии за улично осветлување во Милетково
2.1.14. Изградба на нови линии за улично осветлување во Ковaнец
2.1.15. Изградба на улично осветлување во локалитет “Смрдлива Вода”

**Вкупно Ј А 4.000.000,00 денари**

**Потпрограма Ј Е ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ**

1. **Изградба на паркиралишта** **500.000,00 денари**
   1.1.1. Изградба на паркинзи во Гевгелија

**Вкупно Ј Е 500.000,00 денари**

**Потпрограма Ј Г ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

1. **Изработка на проектна документација** **500.000,00 денари**
   1.1.1. Проектна документација за изградба на водоводна линија за подобрување на водоснабдувањето на југозападниот дел од градот
   1.1.2. Проектна документација за изградба на армиранобетонски резервоар, за водоводот во Моин
   1.1.3. Проектна документација-Основен проект за водоснабдување на с.Петрово, општина Гевгелија
   1.1.4. Проектна документација-Основен проект за водоснабдување на с.Смоквица, општина Гевгелија
   1.1.5. Проектна документација за реконструкција на регионална водоводна мрежа во Гевгелија
   1.1.6. Проектна документација за изградба на водоводна линија за продолжетокот на Западниот Булевар
   1.1.7. Проектна документација за поврзување на Негорци и Прдејци со регионалниот водовод
   1.1.8. Проектна документација за водовод во Смрдлива вода

2. **Изградба на капацитети за водоснабдување** **6.000.000,00 денари**
   2.1.1. Изградба на систем за водоснабдување на с.Петрово, општина Гевгелија
   2.1.2. Изградба на армиранобетонски резервоар, за водоводот во Моин
   2.1.3. Изградба на водоводна линија за фудбалски стадион во Миравци
   2.1.4. Изградба на улична водоводна мрежа за индустриска зона "Блокотехна" - Гевгелија
   2.1.5. Изградба на систем за водоснабдување на с.Смоквица, општина Гевгелија
   2.1.6. Изградба на водоводна линија за подобрување на водоснабдувањето на југозападниот дел од градот
   2.1.7. Изградба на водовод во дел од 7-ма УЕ
   2.1.8. Изградба на водоводна линија на продолжетокот на Западниот Булевар
   2.1.9. Изградба на водоводна линија северно од Булевар Гевгелија
   2.1.10. Изградба на водовод во југозападната сервисна зона
   2.1.11. Изградба на постројка за подобрување на квалитетот на водата за пиење
   2.1.12. Опремување на лабораторија за контрола на квалитетот на водата за пиење

и проширување на водоводна мрежа во Прдејци

2.1.14. Поврзување на водоводот во Богородица со цевоводот кон Стојаково

2.1.15. Доизградба на системот за водоснабдување на Н.Конско

**3. Реконструкција на капацитети за водоснабдување 2.000.000,00 денари**

3.1.1. Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија

3.1.2. Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Миравци

**Вкупно Ј Г 8.500.000,00 денари**

**Потпрограма Ј И ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**

**1. Изработка на проектна документација 1.000.000,00 денари**

1.1.1. Проектна документација за изградба на фекална канализација покрај Моински пат - Урбан блок 15

1.1.2. Ревизија на проектна документација за каналот "Рауљ

1.1.3. Проектна документација за изградба на Пречистителна станица Негорци

1.1.4. Проектна документација за изградба на фекална канализациона линија и атмосферска канализација за продолжетокот на Западниот Булевар

1.1.5. Проектна документација за изградба на атмосферска канализација од железничката пруга до реципиентот (Вардар)

1.1.6. Проектна документација за изградба на атмосферска канализација на ул. “7-ми Ноември“ (Водна заедница-семафори)

1.1.7. Проектна документација за изградба на атмосферска канализација на ул. ”7-ми ноември” (од ул."Н.Карев" до каналот "Рауљ")

1.1.8. Проектна документација за изградба на фекална канализација во Моин

1.1.9. Проектна документација за изградба на фекална канализација во Ново Конско

1.1.10. Проектна документација за изградба на фекална канализација во Смоквица

1.1.11. Проектна документација за изградба на фекална канализација во Давидово

1.1.12. Проектна документација за изградба на фекална канализација во Хума

**2. Изградба на пречистителни станици, колектори 7.000.000,00 денари**

**2.1. Колектори, фекални канализации и пречистителни станици**

2.1.1. Изградба на фекална канализација долж патот Гевгелија-Мрзенци-Негорци од Мрзенци кон Гевгелија (поврзување со градската канализација)

2.1.2. Изградба на канализациона линија за фудбалски стадион во Миравци

2.1.4. Изградба на фекална канализација покрај Моински пат - Урбан блок 15
2.1.5. Колектор до пречистителна станица
2.1.6. Довршување на фекалната канализација во 7-ма УЕ
2.1.7. Изградба на фекална канализациона линија на продолжетокот на Западниот Булевар
2.1.8. Довршување на фекалната канализација во Богородица
2.1.9. Реконструкција на канализациона линија на ул."Ристо Чавдаров"во Гевгелија
2.1.10. Довршување на фекалната канализација во Негорци
2.1.11. Изградба на фекална канализација Прдејци
2.1.12. Фекална канализација во Смрдлива вода

**3. Изградба на други објекти 2.000.000,00 денари**

**3.1. Атмосферски канализации**

3.1.1. Атмосферска канализација на ул. ”Јанко Урдинов”
3.1.2. Атмосферска канализација на ул. ”7-ми Ноември” (од Водна заедница до семафори)
3.1.3. Атмосферска канализација на ул. ”7-ми Ноември” (од ул."Н.Карев" до каналот "Рауљ")
3.1.4. Изградба на атмосферска канализација за продолжетокот на Западниот Булевар

**3.2. Одводни канали**

3.2.1. Продолжување на изградбата на одводен канал "Рауљ" по извршена Ревизија на Главниот проект

**Вкупно Ј И 10.000.000,00 денари**

Потпрограма Ј К ЈАВНА ЧИСТОТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

**1. Набавка на градежни машини и возила за комунална хигиена**

**1.1. Машини за изградба 500.000,00 денари**

1.1.1. Набавка на градежна машина (Учество на општина Гевгелија)

**1.2. Купување на други машини 500.000,00 денари**

1.2.1. Набавка на возило за комунална хигиена (Учество на општина Гевгелија)

**Вкупно Ј К 1.000.000,00 денари**

Потпрограма Ј Н УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

**1. Изработка на проектна документација 50.000,00 денари**

1.1.1. Проектна документација за поставување урбана опрема

**2. Изградба на објекти 500.000,00 денари**

2.1.1. Изградба на фонтани

**3. Набавка на урбана опрема 450.000,00 денари**

3.1.1. Набавка и монтирање на клупи, корпи за отпадоци, табли со натписи, часовници и друга урбана опрема

**Вкупно Ј Н 1.000.000,00 денари**

## 1. ПРОГРАМА Л. СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

**Потпрограма Л А СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**

1. **Изработка на проектна документација 500.000,00 денари**
   - 1.1.1. Проектна документација за локалитет "Динќут"
   - 1.1.2. Проектна документација за СРЦ Касарна
   - 1.1.3. Проектна документација за изградба на спортски и детски игралишта во општина Гевгелија
2. **Изградба на спортски објекти 500.000,00 денари**
   - **2.1.1. Изградба на стадион во Миравци (учество на општина Гевгелија)**
   - 2.1.2. Изградба на спортски и детски игралишта во општина Гевгелија
3. **Реконструкција на спортски објекти 500.000,00 денари**
   - 3.1.1. Реконструкција на Градскиот стадион во Гевгелија
   - 3.1.2. Реконструкција на локалитет "Динќут"

**Вкупно Л А 1.500.000,00 денари**

---

**Рекапитулација на расходите:**

| | |
|---|---|
| **Програма Е Општинска администрација** | **2.500.000,00 ден.** |
| **Потпрограма Е А Капитални трошоци на општината** | **2.500.000,00 ден.** |
| **Програма Ф Урбанистичко планирање и уредув. на просторот** | **19.340.000,00 ден.** |
| Потпрограма Ф 2 Уредување на градежно земјиште | 2.500.000,00 ден. |
| Потпрограма Ф А Уредување на градежно земјиште - (Капитални расходи) | 16.840.000,00 ден. |
| **Програма Ј Комунални дејности** | **25.000.000,00 ден.** |
| Потпрограма Ј А Изградба на јавно осветлување | 4.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј Е Изградба на простор за паркирање | 500.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј Г Изградба на системи за водоснабдување | 8.500.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј И Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води | 10.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј К Јавна чистота (Капитални расходи) | 1.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј Н Урбана опрема (Капитални расходи) | 1.000.000,00 ден. |
| **Програма Л Спорт и рекреација** | **1.500.000,00 ден.** |
| Потпрограма Л А Спорт и рекреација-Капитал. трошоци | 1.500.000,00 ден. |

---

**ВКУПНО РАСХОДИ: 48.340.000,00 ден."**

**Член 3**

Во глава VIII."Преодни и завршни одредби", ставот 1 се менува и гласи:

"Програмата ја извршува Градоначалникот на општина Гевгелија, по



**Член 4**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а се применува сметано од 01.01.2008 година.

Бр.07-2015/1 Претседател
15.09.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 14 и 15 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/2008), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 12 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 15.09.2008 година, донесе:

## ПРОГРАМА

***За Измена и дополнување на Годишната Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2008 година***

**Член 1**

Во Годишната Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2008 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.21/2007), во член ИИ став 1 износот "18.800.000,00 денари", се заменува со износот "21.800.000,00 денари".

Во истиот член, во делот "Вкупни приходи искажани по програми и потпрограми се следните:

2.Потпрограма Ј Д. Изградба и реконструкција на Локални патишта и улици, износот "16.300.000,00 денари" се заменува со износот "19.800.000,00 денари";

3.Потпрограма Ј Ф. Изградба на сообраќајна сигнализација, износот "1.500.000,00 денари" се заменува со износот "1.000.000,00 денари".

Во делот "ВКУПНО ПРИХОДИ" износот "18.800.000,00 денари" се заменува со износот "21.800.000,00 денари".

**Член 2**

Членот III, се менува и гласи:

**"III.**

Средствата во висина од 21.800.000,00 денари се распределени во следните потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

**Потпрограма Ј.6. ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ**

**1. Одржување на улици и патишта 700.000,00 денари**

**1.1. Тековно одржување**

1.1.1. Крпење на ударни дупки

1.1.2. Зимско одржување

1.2. **Расчистување на улици и патишта**



1.2.3. Расчистување на локалниот пат Негорци-Серменин

2. **Поправка и одржување на опрема** **200.000,00 денари**

2.1.1. Поправка и одржување на семафори

3. **Други договорни услуги** **100.000,00 денари**

3.1.1. (Договори со физички лица за вршење на одредени работи од оваа потпрограма )

**Вкупно J 6 1.000.000,00 денари**

**Потпрограма J Д. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

1. **Изработка на проектна документација** **800.000,00 денари**

1.1.1. Изработка на истражни работи-подлоги за проектирање на патен мост на Сува река

1.1.2. Ревизија на Инвестиционо техничка документација за изградба и реконструкција на локални патишта и улици

1.1.3. Изработка на Основен проект за северна собирна улица (Мрзенски пат кон винарска визба "Риго Импекс") во Гевгелија

1.1.4. Проектна документација за изградба на пат за поврзување на Мрзенци со Гевгелија покрај Мрзенски рид и стариот автопат

1.1.5. Изработка на Основен проект за сообраќајница од мостот на Сува река до граница со Р.Грција

1.1.6. Изработка на Основен проект за улица "Мрзенци"

1.1.7. Проектна документација за изградба на пристапен пат до споменикот на Мрзенски рид

1.1.8. Проектна документација за изградба на мост на локален пат Негорци-Кованец (кај Негорци)

2. **Изградба на улици и патишта** **12.505.900,00 денари**

2.1.1. Изградба на локалниот пат Понов мост-Богородица

2.1.2. Продолжување на изградбата на патот за Хума

2.1.3. Изградба на северна собирна улица (Мрзенски пат кон винарска визба "Риго Импекс") во Гевгелија

2.1.4. Изградба на улица "Мрзенци" (учество на општина Гевгелија)

2.1.5. Поврзување на стариот дел од автопатот со новиот автопат (влез и излез од Гевгелија)

2.1.6. Продолжување на изградбата на Западниот Булевар (поставување на долен строј)

2.1.7. Поставување на долен строј на дел"Јужен заобиколен пат" (поврзување со ул."Железничка" )

2.1.8. Изградба на пат за поврзување на Мрзенци со Гевгелија покрај Мрзенски рид и стариот автопат

2.1.9. Изградба на пат од мостот на Сува Река до македонско-грчката граница

2.1.10. Изградба на пристапен пат до “Споменик на слободата"на Мрзенски рид

2.1.11. Проширување на патот од мостот до Моин (проширен



**3. Реконструкција на улици и патишта 1.000.000,00 денари**

3.1.1. Реконструкција на локалниот пат Негорци-Серменин

3.1.2. Реконструкција на пристапни патишта и улици во Конско

**4. Изградба на мостови 5.494.100,00 денари**

4.1.1. Изградба на мост на Сува река (Учество на општина Гевгелија)

4.1.2. Изградба на мост на локален пат Негорци-Кованец (кај Негорци)

**Вкупно Ј Д 19.800.000,00 денари**

**Потпрограма Ј Ф. ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

**1. Изработка на проектна документација 300.000,00 денари**

1.1.1. Проектна документација за автоматска наплата на паркирање во центарот на Гевгелија

1.1.2. Проектна документација за поставување на семафори на крстосница на ул. “Деко Ковачев“со “Булевар Гевгелија“

1.1.3. Проектна документација за поставување на семафори на вкрстувањето на влезната улица во градот со стариот автопат

**2. Изградба и поставување на сообраќајна сигнализац. 700.000,00денари**

2.1.1. Поставување на сообраќајни знаци, ознаки и патокази, заштитни столбчиња на улици и локални патишта

2.1.2. Обележување на улици и локални патишта со хоризонтална сигнализација

2.1.3. Поставување на семафори на крстосницата на ул."Деко Ковачев" со "Булевар Гевгелија"

2.1.4. Поставување на семафори на вкрстувањето на влезната улица во градот со стариот автопат

**Вкупно Ј Ф 1.000.000,00 денари**

**ВКУПНО РАСХОДИ: 21.800.000,00 денари"**

**Член 3**

Членот IV, се менува и гласи:

**“IV.**

Програмата ја извршува Градоначалникот на општина Гевгелија, по утврдените приоритети, односно редоследот на предвидените проекти во секоја потпрограма и точка од оваа Програма."

**Член 4**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “[illegible]



г[illegible]

Бр.07-2016/1 Претседател
15.09.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 15, а во врска со член 11 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр. 33/95, 20/98, 40/99, 31/03, 46/05 и 10/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.09.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на улици во 7-ма Урбана единица во градот Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува определување на средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на улици во 7-ма Урбана единица во градот Гевгелија и износот на средства.

### Член 2

Изградбата на улиците од член 1 на оваа одлука е предвидено во Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2008год

### Член 3

Средства за надоместот за експропријација на недвижен имот за изградба на улици во 7-ма Урбана единица во градот Гевгелија се обезбедени во Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година, Програма F - Урбанистичко планирање и уредување на просторот, потпрограма FA - Уредување на градежно земјиште, ставка 485420-Надоместок за одземен имот.

За надоместот од претходниот став на овој член се определуваат средства во износ од 1.000.000,00 денари.

### Член 4

Надоместот за експропријација од претходниот член на оваа Одлука ќе се исплати на сопствениците, односно корисниците на експроприираниот недвижен имот, врз основа на спогодба за надоместок, односно правосилна одлука на Судот.

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2017/1 Претседател
15.09.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 16 и 53 од Законот за земјоделско земјиште (´Службен весник на РМ" бр.135/07 год.) и член 38 став 1 точка 38 од Статутот на општина

Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.09.2008 година, донесе



## О Д Л У К А
**за формирање Комисија за утрдување вредност оносно пазарна цена на земјоделско земјиште**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Комисија за утврдување вредност односно пазарна цена на земјоделско земјиште и се утврдува бројот и нејзиниот состав (во натамошниот текст: Комисијата).

**Член 2**

Комисијата од член 1 на оваа Одлука се состои од претседател и два члена.

Претседателот и членовите ги избира Советот на општината на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

**Член 3**

Комисијата ќе ја утврдува вредноста на земјоделското земјиште предмет на размена, односно пазарната цена на земјоделско земјиште предмет на трајна пренамена, согласно Законот за земјоделско земјиште.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2018/1 Претседател
15.09.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.09.2008 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**За не давање согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.-30.06.2008 година при Јавното претпријатие за комунални дејности"Комуналец" Гевгелија**

1.Не се дава согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.-30.06.2008 година при Јавното претпријатие за комунални дејности"Комуналец" Гевгелија

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2013/1 Претседател
15.09.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 2 од Одлуката за

општина Гевгелија" бр.12/08 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.09.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија**

1.Во Комисија за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија се избираат:

За претседател:

- Ристо Стамков од Гевгелија, историчар и музичар во пензија

За членови:

- Љубица Гунова од Гевгелија, македонист во пензија
-Миле Смилков од Гевгелија,историчар
-Оливер Ташев од Гевгелија, историчар
-Саша Јованов од Гевгелија, дипломиран археолог

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето, во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2019/1 Претседател
15.09.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 15.09.2008 година, по расправата по Информација за активностите за преземање на основачките права над ЈПВК "Миравци" од Миравци и спојувањето на истото со ЈПКД "Комуналец" од Гевгелија во едно општинско претпријатие за комунални дејности, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Информација за активностите за преземање на основачките права над ЈПВК "Миравци" од Миравци и спојувањето на истото со ЈПКД "Комуналец" од Гевгелија во едно општинско претпријатие за комунални дејности.

2.Заклучокот да се достави до ЈПКД "Комуналец" од Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2012/1 Претседател
15.09.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 15, а во врска со член 11 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр. 33/95, 20/98, 40/99, 31/03, 46/05 и 10/08 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина

Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2008 година, донесе



**О Д Л У К А**

**за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на пат од мостот на Сува Река до македонско-грчката граница**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува определување на средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на пат од мостот на Сува Река до Македонско-Грчкат граница.

**Член 2**

Изградбата на патот од член 1 на оваа одлука е предвидено во Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2008 година.

**Член 3**

Средства за надоместот за експропријација на недвижен имот за изградба на пат од мостот на Сува Река до македонско-грчкат граница се обезбедени во Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година, Програма F - Урбанистичко планирање и уредување на просторот, потпрограма FA - Уредување на градежно земјиште, ставка 485420-Надомест за одземен имот.

За надоместот од претховниот став на овој член се определуваат средства во износ од 540.000,00 денари.

**Член 4**

Надоместот за експропријација од претходниот член на оваа Одлука ќе се исплати на сопствениците, односно корисниците на експроприираниот недвижен имот, врз основа на спогодба за надоместок, односно правосилна одлука на Судот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1884/1 Претседател
29.08.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04,49/04 и 86/08 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 29.08.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за измена и дополнување на Решението за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди**

1.Во Решението за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди на општина Гевгелија ("Службен

администрација Гевгелија, по негово барање поради зафатеност, а се именува Тони Мушанов, дипломиран инженер агроном од Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето, во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1887/1
29.08.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2008 година ............................... 348

2.Програма за измена и дополнување на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2008 година ........................................................................................ 357

3.Одлука за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на улици во 7-ма УЕ во градот Гевгелија ................ 360

4.Одлука за формирање Комисија за утврдување вредност односно пазарна цена на земјоделско земјиште ...................................................................................... 361

5.Решение за не давање согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.-30.06.2008 година при Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија .................................................................................................. 361

6.Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија ........................................................................................... 362

7.Заклучок по Информацијата за активностите за преземање на основачките права над ЈПВК "Миравци" од Миравци ......................................... 362

8.Одлука за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на пат од мостот на Сува Река до македонско-грчката граница ........................................................................................................................ 463

9.Решение за измена и дополнување на Решението за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди ..... 363

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

| | | | |

**Член 4**

Овој Буџет на општина Гевгелија за 2009 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1.01.2009 година.

Бр.07-3072/1 Претседател
27.12.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004 и 96/2004год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општината Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгеллија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2008 година, донесе

## ОДЛУКА
### за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година

**Член 1**

Буџетот на општина Гевгелија за 2009 година (во понатамошниот текст: Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации и Буџет на дотации.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и на другите приливи на основниот Буџет на општината.

За отстапувањето од планот на приходите и другите приливи ако е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на Буџетот на општината до Советот на општината.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрение од Советот на општината.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се рализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување или зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Јавните установи кои се финансираат со блок дотации од Буџетот на општината се должни два дена пред исплатата на плати до општината да достават барање за одобрување на средства за плати, обрасците ПДД - МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета, е-маил и др.) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработување јавните установи се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

По извршената контрола, согласно планираните средства во Буџетот на општината, градоначалникот на општината одделните пресметки на јавните установи ги доставува до ресорното министерство од кое се трансферира блок дотацијата. Во образецот Ф-1 јавните установи потребно е да отворат нова колона, која ќе го означува статусот на институцијата, односно ќе се стави буквата Л, што ќе означува - локална јавна установа што се финансира од буџетот на општината.

**Член 10**

Исплатата на платите на вработените во општинската администрација ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот и се утврдуваат:

-за избраните и именуваните лица нето платата која се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон,применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Република Македонија ќе се зголеми за 10% од 1.09.2008 година;

-за вработените во општинската администрација кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на нето платита ќе се зголеми за 10% од 1.09.2008 година.

-за вработените во територијалната противпожарна единица нето платата, која се утврдува сокласно закон, ќе се зголеми за 10% од 1.09.2008 година.

-за вработените во општинската администрација кои немаат статус на државни службеници нето платата се утврдува согласно прописите за работни односи.

**Член 11**

Надоместокот за превоз до и од работно место, по преходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место согласно законските прописи.

### Член 12

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) ќе се утврдува согласно законските прописи.

Надоместокот за годишен одмор ќе изнесува 60% од просечно исплатената месечна нето плата по работник во Република Македонија.

### Член 13

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

### Член 14

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

### Член 15

На членовите на Советот на општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патни и дневни трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 2 на овој член.

Надоместокот за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство, на членовите на Советот на општината им се исплатува според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

### Член 16

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се извршуваат со фактура во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 100 ЕВРА каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

### Член 17

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

### Член 18

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени

средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедени средства, по претходно дадено позитивно мислење од страна на Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

**Член 19**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на приходите на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 20**

Буџетот на општина Гевгелија се извршува од 1.01.2009 до 31.12.2009 година.

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1 Јануари 2009 година.

Бр.07-3073/1
27.12.2008 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 3 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2008 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

### ВОВЕД

Со оваа Програмата се определуваат прашањата за работа на Советот на општина Гевгелија во 2009 година(во натамошниот текст:Советот на општината).

Покрај прашањата содржани во Програмата, Советот на опшитната ќе разгледува и други прашања што ќе произлезат од законските и други прописи кои ќе бидат донесени во текот на 2009 година.

Во реализирањето на програмата, Советот на општината ќе соработува со градоначалникот на општината, јавните служби, установи и претпријатија основани од општината, Општинската администрација како и со други органи и организации.

Прашањата по кои ќе расправа и одлучува Советот на општината во 2009 година се распоредени во следните групи:

### 1.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.1.Завршна сметка за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До 15 март 2009 година

1.2.Буџет на општина Гевгелија за 2010 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До крајот на декември 2009 година

1.3.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2010 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До крајот на декември 2009 година.

1.4.Квартални извештаи за извршувањена Буџетот за 2009 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Квартално во 2009 година

1.5.Годишен финансиски план за 2010 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски", "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"
Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Декември 2009 година

1.6.Завршна сметка за 2008 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски , "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"
Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Март 2009 година

1.7.Годишен финансиски план за 2010 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Декември 2009 година

1.8.Завршна сметка за 2008 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Март 2009 година

1.9.Годишен финансиски план за 2010 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Декември 2009 година

1.10.Завршна сметка за 2008 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Март 2009 година

1.11.Годишен финансиски план за 2010 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека
Рок: Декември 2009 година

1.12.Завршна сметка за 2008 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека
Рок: Март 2009 година

1.13.Годишен финансиски план за 2010 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата

Рок: Декември 2009 година

1.14.Завршна сметка за 2008 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата

Рок: Март 2009 година

1.15.Годишен финансиски план за 2010 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет

Рок: Декември 2009 година

1.16.Завршна сметка за 2008 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет

Рок: Март 2009 година

1.17.Годишен финансов план на ЈОУ Пионерски дом"Јосип Броз Тито"за 2010год.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"

Рок: Декември 2009 година

1.18.Завршна сметка на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2008 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"

Рок: Март 2009 година

1.19.Годишен финансиски план за 2010 година на Територијалната противпожарна единица Гевгелија

Предлагач и изготвувач: ТППЕ

Рок: Декември 2009 година

1.20.Завршна сметка за 2008 година на Територијалната противпожарна единица Гевгелија

Предлагач и изготвувач: ТППЕ

Рок: Март 2009 година

1.21.Информација за преземените активности за реализација на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Септември 2009 година

## 2.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

2.1.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2010 година.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2009 година

2.2.Информација за состојбата со реализацијата на урбанистичките планови во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2009 година

2.3.Информација за бесправно изградени објекти во општина Гевгелија за 2009 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2009 год.

2.4.Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2010 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2009 год.

2.5.Извештај за реализација на Програмата за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2009 година.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2009 год.

2.6.Извештај за работата на Партиципативното тело од областа на урбанизмот.
Предлагач и изготвувач: Партиципативно тело
Рок: Декември 2009 год.

## 3.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, СООБРАЌАЈ И ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

3.1.Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2008 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок:Март 2009 година

3.2.Програма за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2010 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2009 година.

3.3.Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта во општина Гевгелија за 2008 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март 2009 година

3.4.Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта во општина Гевгелија за 2010 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2009 година

3.5.Програма за јавното осветлување во општина Гевгелија за 2010 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2009 година

3.6.Програма за уредување на речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија.
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2009 година.

3.7.Информација за состојбата со речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија, нивно уредување и користење.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2009 година.

3.8.Информација за состојбата со хоризонталната и вертикалната сигнализација во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општнната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Октомври 2009 година

3.9.Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни-Ноември 2009 год.

3.10.Програма за хортикултурно и партерно уредување на јавни површини во општина Гевгелија за 2010 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2009 год.

3.11.Информација за хортикултурно уредување во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Ноември 2009 година

3.12.Решение за доделување награди за најдобро хортикултурно и партерно уредена дворна површина во општина Гевгелија за 2009 година.

Предлагач и изготвувач: Комисија според Одлука на Советот
Рок: Ноември 2009 година

3.13.Програма за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2010 год.

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2009 година.

3.14.Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2009 година

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2009 година.

3.15.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определување начинот и условите за користење на тротоарите за вршење на стопанска дејност.

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Март 2009 година

## 4.АКТИ НА КОИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ДАВА СОГЛАСНОСТ

4.1.Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2008 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2009 година

4.2.Годишна завршна сметка на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2008 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2009 година

4.3.Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2009 година

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Јануари 2009 година

## 5.ОПШЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ

5.1.Годишна програма за работа на Општинските основни училишта за учебната 2009/2010 година на: "Крсте Мисирков", "Владо Кантарџиев", "Ристо Шуклев", "Климент Охридски" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Август 2009 година

5.2.Извештај за работа на Општинските основни училишта за учебната 2008/2009 година на: "Крсте Мисирков","Владо Кантарџиев","Ристо Шуклев","Климент Охридски" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Август 2009 година

5.3.Годишна програма за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 2009/2010 година

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Август 2009 година

5.4.Извештај за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 2008/2009 година

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Август 2009 година

5.5.Годишна програма за работа на Општинската установа за деца Детска градина "Детска Радост" Гевгелија за учебната 2009/2010 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа за деца
Рок: Август 2009 година

5.6.Извештај за работа на Општинската установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за учебната 2008/2009 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Август 2009 година

5.7.Годишна програма за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2009 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа - библиотека
Рок: Февруари 2009 година

5.8.Извештај за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2008 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - библиотека
Рок: Јануари 2009 година

5.9.Годишна програма за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2009 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура
Рок: Февруари 2009 година

5.10.Извештај за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2008 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура
Рок: Јануари 2009 година

5.11.Годишна програма за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2009 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа - Работнички универзитет
Рок: Февруари 2009 година

5.12.Извештај за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2008 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Работнички

универзитет

Рок: Јануари 2009 година

5.13.Извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2008 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"

Рок: Јануари 2009 година

5.14.Годишна програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2009 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"

Рок: февруари 2009 година

5.15.Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2010 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2009 година

5.16.Програма за финансирање на културно уметнички манифестации и творештво за 2010 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2009 година

5.17.Одлука за определување име на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Во првата половина на 2009 година

5.18.Програма за туристички развој, општа туристичка пропаганда и за подробрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија во 2010 година.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2009 година

5.19.Извештај за реализација на Програмата за туристички развој, општа туристичка пропаганда и за подробрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија во 2009 година.

Предлгач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2009 година

5.20.Информација за заштита на животната средина во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Мај 2009 година.

5.21.Погрconsiderably за запрашување во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Завод за зрдавствена заштита ПЕ-Гевгелија

Рок: Март 2009 година.

5.22.Извештај за преземените активности за реализација на програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2009 година

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Декември 2009 година

5.23.Информација за одржување и користење на јавниот простор за паркирање во Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината.
Изготвувач:Општинска администрација
Рок. Ноември 2009 година

5.24.Извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Полициска станица Гевгелија
Рок. Февруари 2009 година

5.25.Информација за безбедност во сообраќајот на патиштата на подрачјето во општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач:Полициска станица Гевгелија
Рок: Февруари 2009 година

5.26.Информација за состојбата со дивите депонии во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината.
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Октомври 2009 година

5.27.Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Завод за здравствена заштита
ПЕ Гевгелија
Рок: Февруари 2009 година

5.28.Информација за состојбата со образовните струки и профили во СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација и СОУ
Рок: Јануари 2009 година

5.29.Извештај за работата на комуналните инспектори
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Комуналени инспектори
Рок: Мај и Октомври 2009 година

5.30.Извештај за работата на сообраќајниот инспектор
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластен сообраќаен инспектор
Рок: Мај и Октомври 2008 година

5.31.Извештај за работата на овластените градежни инспектори
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластени градежни инспектори
Рок: Мај и Октомври 2009 година

5.32.Извештај за работата на овластениот урбанистички инспектор
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Овластен урбанистички инспектори
Рок: Мај и Октомври 2009 година

5.33.Извештај за работата на овластениот инспектор за животна средина
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластен инспектор за заштита на животната средина
Рок: Мај и Октомври 2009 година

5.34.Информација за состојбата со младинските културни домови во населените места во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2009 година

5.35.Извештај за активностите на Територијалната противпожарна единица во 2009 година
Предлагач и изготвувач: ТППЕ

Рок: Декември 2009 година

5.36.Годишен извештај за работата на Советот за заштита на потрошувачите за 2008 година

Предлагач и изготвувач: Совет за заштита на потрошувачите

Рок: Декември 2009 година

5.37.Информација за тековно одржување на градските гробишта и Програма за уредување и одржување

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија

Рок: Во текот на 2009 година

5.38.Информација за тековно одржување на гробиштата во населените места.

Предлагач : Градоначалник на општина

Изготвувач: Општинска администрација

Рок: Во текот на 2009 година

5.39.Годишен извештај за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Јануари 2009 година

5.40.Информација за преземените активности за реализација на Локалниот акционен план за социјална заштита.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Јули 2009 година

5.41.Одлука за формирање комисија за соработка со невладиниот сектор.

Предлагач: Градоначалник на општината

Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Јануари 2009 година

## 6.ДРУГИ АКТИВНОСТИ

6.1.Информација за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија и барање на нови решенија за долгорочно снабдување на општина Гевгелија со вода

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија

Рок: Мај 2009 година

6.2.Информација за можноста за снабдување со вода за пиење на населените места Негорци и Прдејци од градскиот водовод

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија

Рок: Мај 2009 година

6.3.Информација за состојбите со шумскиот фонд, пошумувањето и експлоатацијата на шумите во општина Гевгелија

Предлагач:Претседател или член на Совет, градоначалник

Изготвувач:Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство и ЈП Македонски шуми-ПЕ Гевгелија

Рок: Во текот на 2009 година

6.4.Информација за состојбата со ловниот и риболовнот фонд во општина Гевгелија

Предлагач: Претседател или член на Совет, градоначалник

Изготвувач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП Македонски шуми - ПЕ Гевгелија

Рок: Во текот на 2009 година

6.5.Програма за активности од областа на заштитата на природните ресурси и реткости

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2009 година

6.6.Информација за состојбата со заштитата на историските и градителските традиции во општината

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација и Завод за заштита на спомениците на култура
Рок: Во текот на 2009 година.

6.7.Информација за состојбата со заштитата на археолошкото богатство на подрачјето на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општитната
Изготвувач: Народен музеј
Рок: Во текот на 2009 година

6.8.Информација за поставување на билборди во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општитната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2009 година

6.9.Информација за работењето на "Јужно Вардарската долина".

Предлагач и изготвувач: "Јужно Вардарската долина"
Рок: Во текот на 2009 година

6.10.Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Занаетчиска комора
Рок: Јуни 2009 година

6.11.Извештај за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија.

Предлгач и изготвувач: Центар за социјална работа Гевгелија
Рок: Јануари-Февруари 2009 година

7.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3074/1 Претседател
27.12.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.12.2008 година, по расправата по Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2009, 2010 и 2011 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2009, 2010 и 2011 година донесен од Управниот одбор на Јавната установа со Одлука бр.0303-37 од 1.12.2008 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3075/1 Претседател
27.12.2008 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Буџет на општина Гевгелија за 2009 година ................................................ 490
2.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2009год.... 641
3.Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2009 год........ 644
4.Заклучок по Финансовиот план на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2009, 2010 и 2011 година .................................................... 653

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

# РЕГИСТАР
# НА ПРОПИСИ И ДРУГИ АКТИ ОБЈАВЕНИ ВО "СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА"ВО 2008 ГОДИНА

**Ред.бр.** **Бр./стр.**

1.Одлука за основање на Центар за развој на Југоисточен плански регион ........................................................................................................ 1/1

2.Одлука за измена на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за образование, култура и спорт на Советот на општина Гевгелија ........................................................................................................ 1/11

3.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определување членови на Советот за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија ........................................................................................ 3/17

4.Одлука за доделување награда за најдобро хортикултурно и партерно уредена дворна површина во населените места во општина Гевгелија .............3/17

5.Одлука за бришење од даночната евиденција на Општинската администрација на општина Гевгелија на даночни обврзници на недвижен имот во други општини ........................................................................................3/18

6.Одлука за бришење од даночната евиденција на Општинската администрација на општина Гевгелија на обврзници на комунална такса за фирма односно назив со седиште во други општини ..........................................3/19

7.Одлука за одобрување проекти за учество на општина Гевгелија во Програмата за рехабилитација и реконструкција на регионалната и локалната патна мрежа во Република Македонија ...............................................6/73

8.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување режимот на сообраќајот на одредени улици во градот Гевгелија ..................................8/106

9.Одлука за донесување Урбанистички план вон населено место Смоквица за м.в."Туфка" опШтина Гевгелија за угостителско туристички комплекс .....8/107

10.Одлука за усвојување на Потстратегијата за рурален развој на општина Гевгелија (2008-2013) .................................................................................8/108

11.Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година ........................................................................................ 12/210

12.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточен плански регион ............................................... 12/211

13.Одлука за формирање Комисија за предлагање листа на имиња на улици, плоштади,мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија........................................................................................ 12/212

14.Одлука за измена и дополнување на Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година ........................................................................................16/254

15.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на општина Гевгелија ........................................................................................16/322

16.Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место Мрзенци за м.в."АДА"општина Гевгелија за туристички комплекс ................16/326

17.Одлука за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на улици во 7-ма УЕ во градот Гевгелија ............17/360

18.Одлука за формирање Комисија за утврдување вредност односно пазарна цена на земјоделско земјиште ............................................................ 17/361

19.Одлука за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на пат од мостот на Сува Река до македонско-грчката граница ....................17/463

20.Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година ....................18/365

21.Одлука за одобрување на приоритетен проект за учество на општина Гевгелија во Програмата - ИПА 2007/Компонента 1/Развој на локалната инфраструктура ....................19/373

22.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година .................... 19/373

23.Одлука за усвојување и финансирање на Програмата за финансирање на работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2008 год. .19/374

24.Одлука за измени и дополнување на Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година ....................19/377

25.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за формирање Комисија за утврдување вредност односно пазарна цена на земјоделско земјиште ........20/385

26.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за именување членови во Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија како претставници на општината ....................20/385

27.Одлука се одобрување План на програми за развој на општина Гевгелија за периодот 2009-2011 година ....................21/391

28.Одлука за одржување на јавната чистота на јавните површини во општина Гевгелија ....................482/24

29.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2009год....................641/25

30.Решение за усвојување на Извештај за работењето и активности на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2007 година ....................1/9

31.Решение за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2007 година .................... 1/10

32.Решение за усвојување на Извештај за реализираните активности за периодот од Март 2007 до Декември 2007 на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2007 година ....................1/10

33.Решение за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2008 година ....................1/11

34.Решение за давање согласност на Статут за измена и дополнување на Статутот на ЈОУ Дом на култура "Македонија"Гевгелија ....................3/20

35.Решение за формирање комисија за изработка на Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2007 година ....................3/20

36.Решение за именување претседател и членови на Комисијата за утврдување пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија ....6/73

37.Решение за давање согласност на Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2008 година ....................6/74

38.Решение за давање согласност на Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2007 год. ....................6/75

39.Решение за давање согласност на Финансиски извештај за периодот 01.01. до 31.12.20087 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ....................6/75

40.Решение за недавање согласност на Извештај за работењето на ЈП за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци за 2007 год. ....................6/75

41.Решение за недавање согласност на Финансов извештај за финансово работење на ЈП за водовод и комуналии "Миравци" Миравци за периодот од 1.01. до 31.12.2007 год. ....................6/76

42.Рашение за усвојување на Извештајот за работењето на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2007 година .........8/108

43.Решение за усвојување на Програма за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2008 година ................................8/109

44.Решение за не давање согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.-30.06.2008 година при Јавното претпријатие за комунални дејност"Комуналец"Гевгелија.......................................................................17/361

45.Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија ................................................17/362

46.Решение за измена и дополнување на Решението за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди ...........................................................................................................17/363

47.Решение за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија во учебната 2007/2008 година .......................................18/366

48.Решение за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија во учебната 2008/2009 година .......................................18/366

49.Решение за усвојување на Годишен извештај за работата, успехот и постигнатите резултати на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија во учебната 2007/2008 година ...........................................................................................18/366

50.Решение за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија во учебната 2008/2009 година ...........................................18/367

51.Решение за усвојување на Извештај за работата на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија во учебната 2007/2008 година .........................................18/367

52.Решение за усвојување на Програма за работа на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија за учебната 2008/2009 година ..........................................18/368

53.Решение за усвојување на Годишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци во учебната 2007/2008 година ..18/368

54.Решение за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци во учебната 2008/2009 година ................................................18/369

55.Решение за усвојување на Годишен извештај за работата, успехот и постигнатите резултати на ООУ "Климент Охридски" Миравци во учебната 2007/2008 година ...........................................................................................18/369

56.Решение за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ "Климент Охридски" Миравци во учебната 2008/2009 година ..........................18/369

57.Решение за усвојување на Годишен извештај за работата на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија во учебната 2007/2008 година ...........................18/370

58.Решение за усвојување на Решение за усвојување на Годишна програма за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија во учебната 2008/2009 год 18/370

59.Решение за усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ "Детска Радост" Гевгелија за 2007/2008 година ..................................................18/ 371

60.Решение за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ "Детска Радост" Гевгелија за 2008/2009 година ...................................................18/371

61.Решение за доделување награда за најдобро хортикултурно и партерно уредена дворна површина на куќен совет на станари од станбената зграда на ул. "Булевар Гевгелија" лам.6 Гевгелија ...................................................................19/378

62.Решение за доделување награда за најдобро хортикултурно и партерно уредена дворна површина на куќен совет на станари од станбената зграда на ул. "Илинденска" 5А/10 Гевгелија .........................................................................19/378

63.Решение за доделување награда за најдобро хортикултурно и партерно уредена дворна површина на ТД "Конти Хидропласт" ДООЕЛ на ул. "Индустриска" бб Гевгелија ............................................................................19/379

64.Решение за доделување награда за најдобро хортикултурно и партерно уредена дворна површина на Зора Бјелиш од Гевгелија ....................................19/380

65.Решение за доделување награда за најдобро хортикултурно и партерно уредена дворна површина на Црква "Свети Спас" на ул. "Илинденска" бб Гевгелија ..........................................................................................................19/380

66.Решение за доделување награда за најдобро хортикултурно и партерно уредена јавна површина на Живко Јовановиќ, вработен во "Конти Хидроплас" Гевгелија ..........................................................................................................19/381

67.Решение за предлагање член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гевгелија како претставник на општината .........20/ 386

68.Решение за формирање Комисија за изготвување на Предлог-Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2009 година ..............................20/386

69.Решение за ибор на претседател и членови на Комисијата за утврдување вредност, односно пазарна цена на земјоделско земјиште ..................................20/386

70.Решение за давање согласност на Финансиски извештај за периодот 01.01.-30.09.2008 година на ЈПКД"Комуналец"Гевгелија ..................................24/487

71.Решение за давање согласност на Финансов извештај за финансово работење за периодот 01.01.-30.09.2008 година на ЈП за водовод и комуналии "Миравци" Миравци ..........................................................................................24/488

72.Заклучок по Нацрт-Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место за м.в."АДА" општина Гевгелија за туристички комплекс .......1/12

73.Заклучок по Нацрт-Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место за м.в."Туфка" општина Гевгелија за туристички комплекс ....1/12

74.Заклучок по Годишниот извештај за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за периодот од 1.01.2007 до 31.12.2007 година ..........................................................................................1/13

75.Заклучок по Програмата за туристички развој, општа туристичка пропаганда и подобрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија за 2008 година ........................................................................................1/13

76.Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2008 година ..................................................3/20

77.Заклучок по Нацрт-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување режимот на сообраќајот на одредени улици во градот Гевгелија ...3/21

78.Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија (Септенври 2006 год.-Септември 2007 год.) ..3/22

79.Заклучок по Извештај за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија за 2007 година ........................................................................................5/66

80.Заклучок по Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2007 година ....................................5/66

81.Заклучок по Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта во општина Гевгелија за 2007 година ........................................................................................5/67

82.Заклучок по Годишна завршна сметка на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија за буџетска сметка, сметка на наменски дотации ,сметка на сопствени приходи и сметка за Проект за модернизација на образование 787-15 за 2007 година ..........................................................................5/67

83.Заклучок по Годишна завршна сметка на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков"Гевгелија за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи за 2007 година .........................................5/67

84.Заклучок по Годишна завршна сметка на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев"Негорци за буџетска сметка, сметка на наменски

дотации, сметка на сопствени приходи и сметка за Проект за модернизација на образование за 2007 година ..........................................................................5/68
85.Заклучок по Годишна завршна сметка на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи за 2007 година .......................5/68
86.Заклучок по Годишна завршна сметка на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов"Гевгелија за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи за 2007 година ....................... 5/69
87.Заклучок по Годишна завршна сметка на Средното општинско училиште "Јосиф Јосифовски"Гевгелија за буџетска сметка, сметка на наменски дотации , сметка на сопствени приходи и сметка 785-34 за Проект за модернизација на образование за 2007 година .......................................................5/69
88.Заклучок по Годишна завршна сметка на ЈОУ за деца Детска градинка "Детска Радост"Гевгелија за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи за 2007 година .........................................................5/70
89.Заклучок по Годишна завршна сметка на ЈОУ Библиотека"Гоце Делчев"Гевгелија за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи за 2007 година ......................................................................5/70
90.Заклучок по Годишна завршна сметка на ЈОУ Дом на култура"Македонија" Гевгелија за сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи за 2007 година .......................................................................5/70
